MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

November 04, 2024 ■ Volume 42, Issue 1 (471) ■ Free www.macedonianewspaper.com

MOKRENI BRASS BAND








FROM MOKRENI, LERINSKO

## Two Dances To Kick Up Your Heels!

**FRIDAY**
**NOVEMBER 15TH**
**ST. NAUM EVENT**

The Parish Hall
at St. Naum
1150 Stone Church Rd. E.
HAMILTON
Doors open 7 pm
$25 per person

Contact: Chris Klashoff chrisklashoff@royallepage.ca

**SATURDAY**
**NOVEMBER 16 TH**
**LERINSKO ORO 30TH ANNIV.**

St. Clement of Ohrid
76 Overlea Blvd,
Toronto
Doors open 6:30 pm
$30 per person

Contact: Mary Outow m_outow@hotmail.com

Youth 16 & under FREE Cash Bar & Food Available

40 ГОДИНИ СО ВАС MACEDONIA Македонија NEWSPAPER

„Macedonia„
E-mail macedonia.canada@yahoo.com
http://www.macedonianewspaper.com

**Македонија**

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на “Македонија“ излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на “Македонија“ е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска*
*главен и одговорен уредник.*

*Техничко уредување и дизајн Соња Лозановска*

Our address:
Macedonia
1840 Bloor Street,
Suite 711
Mississauga, ON
L4X 1T2
Tel. :416-827-0954
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

**Месечен весник на Македонците во Канада.**
**Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.**

## Почитувани читатели,

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd.
- Toronto, Ontario -
M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W,
Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N,
Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax,
ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave,
Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd
E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive,
Toronto, Ontario,
Canada M4B 3L6

**Stari Grad**
3862 Bloor St W,
Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W,
Etobicoke, ON M9C
2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall,
Etobicoke, ON M9C
1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall,
Etobicoke, ON M9C
1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall,
Etobicoke, ON M9B
6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd,
Mississauga, ON
L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr,
Etobicoke, ON M9C
4R1

## Голема благодарност до нашите соработници:

**Танас Јовановски**
**- поранешен уредник на весникот „Македонија”, колумнист**
**Отец Александар Тодоровски соработник за верата**
**Никола Петковски - креатор на крстозборот за весникот Македонија**
**Зоран Андоновски – соработник**

**Снежана Тешовиќ-македонско неделно училиште-Свети Климент Охридски**

**Ташко Кубановски - за рубриката „Афоризми”(Постхумно, архивирани необјавени материјали)**
**Зоран Карапанчев - фотограф, соработник**
**Боне Темелков - СМК-Канада**

**Специјални Дописници:**
**За Македонците од Албанија известува Никола Ѓурѓај**
**Горнан Јовановски-колумнист**

**Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: Стојко Стојков**
**Блага Дафовска во рубриката „Поезија со повод„**
**Славе Катин - соработник публицист**
**Колумнисти:**
**Горнан Јовановски**
**Диме Костов**
**Каролина Ристеска- „Направи сам„**

**Су Иствуд- страница за македонски кулинарски специјалитети**

**Александра Петковска - соработничка од Македонската Заедница во Канада**

**Contact: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**

**Macedonia**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**


DRUSTVO MALA PRESPA
ANNUAL DINNER AND DANCE PARTY
SATURDAY,
NOVEMBER 23rd 2024
It's time for the annual Mala Prespa Night.
We invite you all to join us for dinner and dancing.
Saturday, November 23, 2024 - from 6:30
$80 per person
Годишен банкет на Друштвото ,,Мала Преспа,,
Сабота, 23 ноември 2024-та година од 18:30ч.
80 долари по лице
Богата Лотарија!
Незаборавна Веселба!!!!!
Music by:
BALKAN ENTERTAINMENT
For tickets and information
please call, text or message
on Facebook
Bosilko Agovski 416 - 712 - 3186
Spiro Agovski 416 - 992 - 4273
Jani Malevski 416 - 839 - 1558
Adrian Nestor 416 - 731 - 0189
Location:
Mississauga
Convention Centre
75 Derry Rd W, Mississauga, ON
L5W 1G3






ADDRESS:
485 BAYLY ST W, AJAX, ON L1S 6M7

PHONE:
(905) 426-5355

## НОВОСТИ ОД МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА ОД ЕЈЏАКС

### НОВИ ИКОНИ ВО ЦРКОВНИОТ ХОЛ НА СВЕТА НЕДЕЛА

Облагородувањето на просторот во црквата Света Недела продолжува и понатаму. До Велигден според сегашните планови ќе бидат инсталирани нови икони кои ќе бидат дело на зографот Глигор Стефанов.

### ПРИЗНАНИЕ ЗА ЗАСЛУГИ И ДОЛГОГОДИШНА СОРАБОТКА

По повод празникот Света Злата Мегленска, на претседателот на црковната управа од македонската православна црква Света Недела од Ејџакс му беше врачено признание за заслуги и благодарност за долгогодишна соработка со црквата Свети Илија од Мисисага. На банкетот присуствуваше делегација од црквата Света Недела предводена од претседателот Славе Бунтески.Тој изразува благодарност до управата на сестринската црква Свети Илија со претседателот Васко Недановски за високото признание.

### МИТРОВДЕНСКИОТ БАЗАР ВО ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 17-ТИ НОЕМВРИ

Почитувани, Ве известуваме дека Митровденскиот Базар во организација на црквата Света Недела од Ејџекс ќе се одржи на 17-ти ноември по богослужбата. Претседателката Милица Попсока ве поканува на традиционалниот Базар кој е еден од најпопуларните во нашата македонска заедница. Дојдете и купете си од богатиот избор на месени македонски специјалитети и други работи претходно дарувани за празниците и со тоа ќе ја помогнете нашата македонска црква Св.Недела.

### ВРЕДНА ДОНАЦИЈА ОД ПРИЛЕПСКОТО ДРУШТВО ,,МАРКОВИ КУЛИ,,

Управата на Македонската Православна Црква Света Недела од Ејџакс со претседателот Славе Бунтески упатува благодарност до ,,Прилепското Друштво,, предводено од Ице Јанкуловски за донацијата од 1,500 долари, а тоа е икона медалјон. ,,Се надеваме дека нашата одлична соработка ќе продолжи и понатаму за добробит на црквата, но и за бројното членство на Прилепското Друштво,,- изјави за весникот ,,Македонија,, претседателот Славе Бунтески.

### ИНСТАЛАЦИЈА НА НОВИ ВРАТИ ВО ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА

Во црквата Света Недела деновиве беше инсталирана нова надворешна врата која ќе обезбеди подобра заштита за внатрешноста на црквата и ќе го подобри искуството на нашите верници. Наскоро ќе биде инсталирана и страничната врата кај скалите кои водат до банкетната сала со што освен естетскиот дел, ќе биде овозможен и заштитен приод.
Благодариме на вашата поддршка за време на процесот на инсталација!
Оваа подобрување ја одразува нашата посветеност за одржување на пријатна и удобна средина за сите кои ја посетуваат.



Новите црковни заштитни врати инсталирани пред почетокот на зимата



Високо прзнание за претседателот на Света Недела, Славе Бунтески во знак на благодарност за заслуги за долгогодишната соработка со црквата Свети Илија од Мисисага.



Благодарност до ,,Прилепското Друштво,, со претседателот Ице Јанкуловски за донацијата од 1,500 долари кон црквата Света Недела, а тоа е икона медалјон.

## МАЈК - МИТРЕ КОЖОВСКИ Е НОВОИЗБРАНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КАНАДСКО-МАКЕДОНСКИОТ КЛУБ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ ВО СВЕТА НЕДЕЛА

Мајк-Митре Кожовски, новоизбраниот претседател на Канадско-Македонскиот Клуб за пензионери, е роден на 19-ти март 1955 година во Брајчино, Македонија. Прво емигрирал во Австралија во 1965 година, а потоа се преселил во Торонто во 1969 година, каде што има многу роднини. По успешна 40-годишна кариера како телефонски техничар, Мајк сега е во пензија и желен е да донесе нова енергија во клубот. Неговата визија е да организира чести собири исполнети со игри, друженја и едукативни семинари кои ќе им користат на пензионерите. Скромен човек, Мајк неодамна ја загуби својата сакана сопруга Ленна, и сега има желба да се посвети на оваа организација, продолжувајќи ја традицијата на неговиот татко, Ламбро Кожовски, кој бил многу активен во Св. Недела. Мајк има два сина, Метју и Марк, и едно внуче.



Претседателот на Света Недела Славе Бунтески, новоизбраниот претседател на пензионерите Мајк Кожовски, свештеникот Александар Зашов и доскорешниот претседател на пензионеркото друштво Славе Темелковски.




# НОВИ ИКОНИ ВО МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА ДЕЛО НА ЗОГРАФОТ ГЛИГОР СТЕФАНОВ





Во Македонската Православна Црква Св. Недела во Ејхекс, на десниот влез односно споредниот нартекс, планираме да поставиме четири нови икони. Овие икони со голем формат ќе ги правиме по идеја на претседателот на црквата Славе Бунтевски, во договор со свештеникот протојереј Александар Зашов и со благослов на митрополитот Методиј.

Првите две икони преставуваат сцени од почетоците на христијанството во Македонија. На првата икона "Видението на Св. Павле да дојде во Македонија" ќе го преставиме описот на евангелистот и апостол Лука, кој бил ученик и сопатник на Светиот апостол Павле, во својата новозаветна книга "Делата на светите апостоли" во глава 16 го опишува Павловото Второ мисионерско патуваwе. Кога ап. Павле пристигнал во Троада која се нао|а на северозападниот дел од денешна Турција, во ноќта имал ВИДЕНИЕ: ... Стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше "Премини во Македонија и помогни ни!" Апостолот имал јасно ВИДЕНИЕ, а не сон. Највероватно пред него стоел ангел облечен во македонска носија карактеристична за тој период. Тој јасно ја разбрал Божјата порака да оди и да го проповеда Евангелието во Македонија, односно да премине од Азија во Европа.
На втората икона ќе биде преставено кр{тевањето Св. Лидија и нејзиното семејство од Св. Павле. Св. Лидија тргува{е со црвени ткаенини и бе{е првата македонска христијанка и првата која го прими христијанството во Европа.
На другата страна во пределот каде што се палат свеќи ќе бидат поставени икони од `итието на Св. Недела.
На првата икона ќе биде живописана сцената кога светата маченичка го иповедува Исус Христос пред императорот: "Света Недела била испратена на испрашување кај зетот на Диоклецијан по име Максимијан (286-305) во Никомедија. Восхитувајќи се на нејзината убавина, тој се обидел преку ласкање да ја убеди да се откаже од своите верувања и да ги почитува боговите, дури и' предложил да ја омажи за еден од неговите роднини.
На ова, таа одговорила: „Не мисли, о царе, дека со овие ласкања или со заканувачки казни ќе го отфрлам мојот најсладок Исус Христос; зашто нема мака, казна, ниту мачење што може да ме оддели од Неговата љубов. Дури и ако ми дадеш други богатства покрај моето наследство, или дури и ако ми го дадеш твоето земно царство, невозможно е да се откажам од побожноста на моите предци. Понатаму, не можам да се согласам на брак; зашто не претпочитам никој друг пред мојот Христос, Кому Му се предадов за да живеам и умрам како девица."

На втората сцена ќе биде пеставено "Маченииштвото на св. Недела во сред пламените јазици кои чудесно се гаснат": "Со смртта на Иларијон, Аполониј станал епарх на Витинија. Со време и тој се обидел да ја убеди младата Св. Недела преку ласкања и закани, но Св. Недела повторно го исповедала Христа со смелост и остро се изјаснила против идолите.
Поради тоа, Аполониј наредил Св. Недела да биде фрлена во голем оган. Откако големиот оган бил подготвен, Св. Недела била фрлена внатре, но исто како што Бог ги зачувал Трите Млади во вавилонската печка (Дан. 3:21-25), Св. Недела стоела среде пламените молејќи се, и облак се појавил на безоблачното небо, донесувајќи дожд кој го изгаснал огнот.

**Зограф Глигор Стефанов.**






Св. Климент Охридски - Македонска Православна Катедрала
Торонто, Онтарио, Канада
ST. CLEMENT OF OHRID
Macedonian Orthodox Cathedral
76 Overlea Blvd, East York, Ontario M4H 1C5
416-421-7451 | info@stclementofohrid.com | www.stclementofohrid.com


YOU ARE CORDIALLY INVITED TO ATTEND OUR ANNUAL
ST. CLEMENT OF OHRID
PATRON SAINT DAY BANQUET
07 DECEMBER 2024
5:30 VESPERS | 6:30 BANQUET
$60 MEMBERS
$70 NON-MEMBERS
$25 CHILDREN
RSVP TABLES BY NOVEMBER 30, 2024
ST. CLEMENT OF OHRID MACEDONIAN ORTHODOX CATHEDRAL
76 Overlea Blvd, East York, Ontario M4H 1C5
416-421-7451 | info@stclementofohrid.com | www.stclementofohrid.com


ВЕ ПОКАНУВАМЕ ДА ПРИСУСТВУВАТЕ НА НАШАТА ГОДИШНА
СВЕТИКЛИМЕНТОВА ВЕЧЕР
07 ДЕКЕМВРИ 2024
17:30 ВЕЧЕРНА БОГОСЛУЖБА | 18:30 БАНКЕТ
$60 ЧЛЕНОВИ
$70 НЕЧЛЕНОВИ
$25 ДЕЦА
РЕЗЕРВИРАЈТЕ МАСИ ДО 30 НОЕМВРИ 2024
МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА КАТЕДРАЛА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
76 Overlea Blvd, East York, Ontario M4H 1C5
416-421-7451 | info@stclementofohrid.com | www.stclementofohrid.com


MOC "St Clement of Ohrid" - Toronto, Canada
Autumn session of the RELIGIOUS STUDIES
Liturgical renewal
October 11th and 18th
November 1st, 15th, 22nd and 29th
The lectures are going to be held in English by fr. Sasho Celeski
Fridays at 6:30pm


NEW YEAR'S EVE
ZORAN VANEV
Toronto, Canada
20 25
CHRIS DIMOVSKI
NIK STEFANOVSKI
LJUPCHO TUPANOSKI
DUSKO PETKOSKI
DECEMBER | 31 | AT 7:00 PM
ST CLEMENT OF OHRID MOC
76 OVERLEA BLVD, TORONTO
$125 - 5 COURSE MEAL
*CASH BAR*




# НОВОСТИ ВО ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ТОРОНТО

-На 11 октомври во црквата Св. Климент Охридски присуствуваше проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, професор на Богословскиот факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје, Р. Македонија. Предавањето беше на тема “Молитвата во Стариот Завет”.
После одржаното предавање, присутните активно се вклучија со конструктивни прашања. Професорот Ѓорчевски е секретар на Македонското библиско друштво, поранешен декан на Богословскиот факултет и поранешен амбасадор на Р. Македонија во Ватикан. Светиклиментовата црковна заедница му благодари на проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски за одвоеното време да биде помеѓу нас.

--------------------------------------------------

--Многу млади брачни парови, иако желни да научат за Православието, имајќи мали дечиња не се во можност да доаѓаат на веронаука. Затоа, паралелно со веронауката за возрасни ќе има веронаука за дечиња именувана - Детско религиско катче.

--------------------------------------------------

--Со благослов на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот на Американско - канадската Македонска православна епархија, Г. Методиј на 28 октомври повторно во нашиот Светиклиментов храм ја пречекавме мироточивата Иверско - Хаваjска икона на Пресветата Владичица, добивајќи го нејзиниот благослов, на Богомајката и заштитничката на целиот човечки род.

----------------------------------------

Придружете ни' се на Свети Климент Охридски, бул. Оверлеа 76 во Торонто, на годишниот Митровденски базар! Ќе се одржи во недела, на 10-ти ноември во 12:00 часот. Ќе има многу вкусни традиционални печива и други производи за продажба. Вашите донации на вашите специјализирани печива се добредојдени и многу ценети.
Ви благодариме за континуираната поддршка и со нетрпение очекуваме да ве видиме!

- Конечно се поставуваат панелите од ковано железо покрај бул. Оверли! Новата ограда ќе го огради нашиот имот покрај бул. Оверли и дел од ул. Вилијам Морган, обезбедувајќи ни поголема сигурност и создавајќи простор за надворешни активности. А плус, изгледа одлично! Овој проект, кој го претставивме на членското собрание во март, моментално се реализира под предвидениот буџет.

----------------------------------------

Салата Б е реновирана! Изваден е стариот тепих и сега и' е даден модерен и елегантен изглед на подрумската сала. Огромна благодарност до нашите членови од градежниот комитет кои донираа поголем дел од материјалите и работната рака! Во план сме да го смениме тепихот и во Сала А во следните месеци.
Св. Климент се движи напред со многу новитети,
и ви благодариме на сите за поддршката!

------------------------------------------

-St. Clement has officially completed a major tech upgrade!
High-speed fibre internet and complete building coverage wifi
New phone system with an automated attendant.
This project was made possible by the hard work of our Board of Directors and the generous support of Rogers Communications. Another promise kept for a stronger future at St. Clement!

------------------------------------------

-Св. Климент официјално ја заврши големата технолошка надградба!
Високо-брзински оптички интернет и целосна покриеност на зградата Wi-Fi
Нов телефонски систем со автоматизиран придружник.
Овој проект беше овозможен со напорната работа на нашиот Управен одбор и дарежливата поддршка на Rogers Communications.
Уште едно одржано ветување за посилна иднина на Свети Климент!

## МОДНАТА РЕВИЈА НА ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА ОД ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ БЕШЕ ПОВЕЌЕ ОД УСПЕШНА

Годинашната модна ревија која во организација на женската секција од црквата Свети Климент Охридски од Торонто се одржува традиционално секој октомври, се случи на 27-ми, на ден Петковден.
Претставени беа креации од бутикот ,,Адела,, во сопственост на креаторката од македонско потекло Алексис Дела. Македонките од сите градови на пошироката област на Торонто се восхитуваа на заедничко дружење и подготвените креации, како и моделите кои ги претставуваа.
Во организација на на домаќините, женската секција од црквата Свети Климент Охридски и претседателката Вера Стевановска беше послужен вкусен ручек и други специјалитети. За музичкото весело попладне со погрижи Христо Георгиев Ице.




## Vera Stevanovska, president of the Ladies Auxilliary St Clement of Ohrid -Toronto:

Thank you so much to everyone who attended the Fashion Show. It was an amazing turn out! Thank you again for all the volunteers and support who made this a successful event.
I hope to see everyone again for the Christmas Party on December 1st.








# St. Nicholas Church Members' Luncheon

On Sunday, October 20, 2024 St. Nicholas Macedonian Eastern Orthodox Church in Windsor held its 1st annual members' luncheon, but 17th gathering of the members as such. Up to now, this event was held during the night, but for the first time, this event was held on Sunday afternoon. The luncheon was very well attended, about 170 members attended. The president of the Administrative Council Vera Najdovska greeted the guests and gave an update of what has been taking place since the last members' dinner, as well as the financial reports.

It was an afternoon where members meet, socialized, mingled and got to know each other better. A plague was presented to representatives of the Gerdan dance group and representatives of the singing group Serenada for participation at the 50th annual American-Canadian Macedonian Orthodox Diocese Convention.

The highlight of every such gathering is the Life Time Achievement Award, and this one was no exception. This year's recipient was Mendo Kolevski. Mr. Kolevski has dedicated 40 years of service to the church and the community. Over the years, he has been an active member of several Administrative Councils, beginning in 1985.

During his time on the council, he held variety of functions: including deputy treasurer, treasurer, deputy secretary, member of the control committee, Delegate of the Eparchy, and most recent, President of the Administrative Council from 2015 to 2017.

While busy volunteering in countless ways, he also hosted the Macedonian radio show from Detroit every Saturday for four years. Although it wasn't just about showing up every weekend – he selflessly funded much of the show out of his own pocket, demonstrating his deep commitment to preserving and sharing our culture

His devotion didn't stop there. He raised significant funds for the church through tireless organization of countless Bingo events. His leadership as president ushered an important improvements, most notably the much-needed updating of the kitchen equipment and buying a generator, that over the years proved to be very useful and much needed.

During the many years at St. Nicholas, he met and worked with few priests, and some of them being new comers, he helped settle, drove them around and helped in any way he could, making their transition much easier.

On behalf of our community at St. Nicholas Macedonian Orthodox Church, we congratulate and thank Mr. Kolevski for all his dedication, support, and hard work he has devoted to the church and the community.

Mr. Kolevski was presented with an award plaque, and his lovely wife Milica who gave him support, understanding and encouragement over the years to balance the responsibility between his family and the community was presented with a bouquet of flowers.

After all the awards, the afternoon continued with a performance by the Gerdan dance group and the singing group Serenada. Overall it was a festive afternoon.




















# PAN-ORTHODOX YOUTH RETREAT WINDSOR FALL 2024

On October 19th, with the blessing of our Macedonian Metropolitan Metodi, and of the other responsible hierach of the Serbian, Romanian, Greek and Antiochian churches in Canada the Pan-Orthodox youth and kids Camp was held at St. Nicholas Macedonian Orthodox Church in Windsor Ontario.

It was an incredible honor to host this remarkable camp, marking a historic moment as the first event of its kind organized by Orthodox churches in Windsor. Heartfelt thanks go to the priests of the "St. John Maximovitch" Windsor Clergy Association for their commitment, unwavering support, and guidance. I also thank President Vera Najdovska, Mare Stefanova, kitchen staff, and all the dedicated volunteers who made this camp a resounding success. The excitement among the children was palpable as they engaged in learning about our ancient Orthodox faith, and traditions, as well as singing "Christ is Risen" and the "Our Father" in various languages. Children's enthusiasm reached a climax during the participation in the educative competition game "Amazing race". We witnessed the miracle of God's grace working in our hearts and in our midst, bringing forth the fruits of this project. Our church was filled with the joyful presence of over 120 kids and youth from nine Orthodox parishes in Windsor, creating memories that will last a lifetime and strengthening our Christ-loving community in faith and fellowship. The children have learned from us and we have learned from them. We showed that we are truly the family of Christ.

Once again, I thank everyone who patiently bore all the trials and labors in preparing and organizing this camp and I hope that the Lord will continue to bless us in this good work!

***Fr.Emil***






























# ПРИЛЕПСКАТА ВЕЧЕР 2024-ТА ОД ТОРОНТО НАСТАН КОЈ ДОЛГО ЌЕ СЕ ПАМЕТИ И ПРЕРАСКАЖУВА

На 19 октомври 2024-та година во банкетната сала на црквата Света Недела во Ејџакс која беше испонета до последното место се одржа традиционалната Прилепска Вечер. Според зборовите на претседателот на друштвото Ице Јанкуловски оваа вечер беше повеќе од успешна. Со 209 гости, кои се веселеа во текот на ноќта на музиката на познатата група ,,Балкан Ентертејнмент,, и интерпретаторот Менде Куновски изминавме прекрасни часови потсетувајќи се на нашите корени , нашиот роден Прилеп и китните прилепски села, додава Јанкуловски.

За богатата вечера и овојпат беше одговорна Марија Ангелевска која подготви прекрасна вкусна вечера и за тоа и' изразуваме голема благодарност.Имавме задоволство и чест вечерата да ја благословат свештениците Горан Ристески од македонската православна црква Свети Димитрија Солунски од Маркам и Александар Зашов од црквата Света Недела од Ејџакс.

Благодарност упатуваме и до Зоран Трифуновски од ,,Фино,, компанијата која како и секоја година беше наш спонзор. Им благодариме на Ели и Марјан кои неуморно работеа и годинава на барот. Нека благодарноста оди до сите присутни и се разбира до управата на црквата Света Недела со претседателот Славе Бунтески кој е поранешен претседател на Прилепското Друштво и еден од најзаслужните за неговата успешна работа. С.Л.















# СВЕЧЕНА ПРОСЛАВА НА ПРАЗНИКОТ ПЕТКОВДЕН ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАРИОВСКОТО ДРУШТВО ,, КАЛЕШ АНЃА ,, ТОРОНТО



**Свештеникот Јован Босеовски со кумовите: Марија со семејството и Мита и Јован со семејството**



Митре Чачевски претседател на Мариовското Друштво ,,Калеш Анѓа,, од Торонто со порака: **,,Малку сме, но многу сме!,,**

На 26-ти октомври 2024-та година во банкетната сала на МПЦ Св. Недела во градот Ејџакс,Онтарио, Канада се одржа свечен банкет во чест на празникот Св. Петка, Петковден кој е прв во низата зимски празници.Присуствуваа околу 150 Мариовци и нивни наследници кои ја продолжуваат вековната традиција за Петковден да се соберат и да и' да се поклонат на заштитничката Света Петка.

Со благословување на лебот, виното и пченицата од страна на отец Јован Босеовски кој е родум од селото Градешница, Мариово и изборот на кумовите, отпочна прославата на празникот. Кумуваше ќерката на отец Јован Босеовски, Марија со нејзиното семејство, а догодина ќе бидат кумови неговата сестра и зетот Мита и Јован Цветковски.



Претседателот на мариовското друштво ,, Калеш Анѓа,, Митре Чачевски во своето обраќање најнапред ги поздрави присутните, порачувајќи богатата традиција да не згасне, туку да живее и со наредните мариовски поколенија во Канада.Тој притоа ги повика синовите и ќерките на Мариовците да учествуваат во иднина во што поголем број затоа што токму тие ќе бидат продолжувачите на мариовските слави. Неговите зборови ,,Малку сме, но многу сме, остануваат да се паметат. На банкетот се послужуваше богата вечера подготвена од познатата готвачка Марија Ангелевска од црквата Света Недела, а гостите до доцна вечерта се веселеа со звуците на Соња и Оливер Бенд.



# НЕДЕЛНОТО УЧИЛИШТЕ ОД ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ



*Подготвила Снежана Тешовиќ, учителка по македонски јаизк*

**Почитувани читатели!**

Што има ново?
Што има ново стара крушо моја?
-Ете, есен стаса, жолти лисја бројам. Што има ново верверичке мила? - Пст!
Во кошница за зима лешници сум скрила.
Што има ново, кажи и ти Дуле?
Зарем не сте чуле?
Ученик сум веќе, па на школо итам да пишувам и читам. Цане Андреевски

Соодветно на песната, разговараме за есента и богатите плодови што таа ни ги дари. Кои плодови се берат во есен? Кое е твоето омилено овошје? Опишуваме како изгледа нашето омилено овошје. Во нашето училиште соработуваме помеѓу себе и си помагаме еден со друг. Го цениме и негуваме другарството.

**"Другарството е нешто свето"**
Другарството е нешто свето, другарството е нешто красно,
другарството е в мирно лето без облаци небо јасно.
Кој другари верни има другарството цути, трае, најискрени чувства буди, ко светилник во нас сјае.
Другарството е нешто силно, другарството е нешто лебно,
другарството е сонце крилно, на сите нас многу требно.
Кој другари верни има другарството долго трае, возвишени желби раѓа, ко зорница ѕвезда сјае!

Разговараме за другарството. Што е за тебе другарството? Каков другар треба да бидеш за да трае другарството? Со кого најмногу се дружиш и зошто? Што ти се допаѓа кај другарчето? Неодамна бевме навистина пријатно изненадени од посетата страна на професионалниот карате тренер Кристофер Толевски. Учениците уживаа во едночасовната физичка активност исполнета со различни активности.Голема благодарност до Кристофер за вложениот труд, одвоеното време, посветеноста, љубовта кон децата и спортот. Другарување, соработка и заедништво на дело.
Продолжуваме со изучување на печатните букви и усвојување на читањето со најмалите. Во исто време ја изучуваме граматиката на македонскиот литературен јазик.
Видови реченици - раскази,прашални, извични.
Употреба на голема буква при пишување на имиња и географски поими. Дополнување на зборови во реченица.

**Продолжуваме понатаму!**





## НОВА УПРАВА НА МАКЕДОНСКИОТ ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБ ОД ВУДБРИЏ

**Во составот на новата управа на Woodbridge Seniors Club влегуваат:**

**Драгица Димовска- претседател, Џорџ Динопоулос -потпретседател, Лили Трентос-секретарка и Мајк Нитџов-благајник.**

**Членови на управата: Ирене Динопоулос, Џоана Мисиос, Трена Добрушевски, Мери Маркидис, Васа Скотанис и Димитар Бунтас.**




# BRAJCINO DINNER AND DANCE



ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA




# СО НИЗА ПОЧЕСТИ ПРОСЛАВЕНА СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА, ВТОРИОТ ПАТРОНЕН ПРАЗНИК ВО ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА ОД МИСИСАГА

На 26-ти октомври со божествена литургија и свечен банкет беше прославен вториот патронен празник под покривот на црквата Свети Илија. Во божествената литургија учествуваа свештениците: Благој Пенев од црквата домаќин Свети Илија, отец Илија Донев, отец Александар Тодоровски од црквата Свети Климент Охридски -Торонто, отец Горан Ристески од црквата Свети Димитрија Солунски во Маркам и отец Ангел Станчев од црквата Свети Наум Охридски од Хамилтон.

Црковни кумови годинава беа Ацо и Елизабета Крстевски, а догодина црковна кума ќе биде Сашка Јовчевска.

Кумови на свечениот банкет по повод Света Злата Мегленска беа Љубинка и Васко Недановски, а догодина ќе бидат Елена Кекенов и Вера Кожовски со семејствата.

Управата на црквата Свети Илија предводена од претседателот Васко Недановски упатува огромна благодарност до сите присутни на банкетот, до кумовите, сестринските цркви за сесрдната поддршка, до фолклорниот ансамбл ,,Илинден,, за прекрасните изведби на македонски фолклорни сплетови како и до водителката на програмата Весна Трајковска.

Особена благодарност домаќините упатуваат до црквата Св. Недела и нивниот претседател, господинот Славе Бунтески и Марија Ангелески што обезбедија неверојатна вечера за гостите на банкетот. Господин Бунтески беше награден со плакета за заслуги и благодарност за долгогодишната поддршка на црквата Свети Илија.

Во забавниот дел настапија познатите музички уметници: Крис Димовски, Љупчо Тупаноски, Душко Петкоски и Веле Тошевски кои со весела музика ги забавуваа гостите до доцна во ноќта.



Кумови на свечениот банкет по повод Света Злата Мегленска беа Љубинка и Васко Недановски, а догодина ќе кумуваат Елена Кекенов и Вера Кожовски со семејствата.





Во божествената литургија по повод празникот Света Злата Мегленска учествуваа свештениците: Александар Тодоровски, Илија Донев, Благој Пенев, Горан Ристески и Ангел Станчев



Благодарност до црквата Св. Недела и претседателот господинот Славе Бунтески и госпоѓа Марија Ангелески што обезбедија неверојатна вечера за гостите на банкетот.Господин Бунтески беше награден со плакета за заслуги и благодарност за долгогодишната поддршка на црквата Свети Илија.




## СВЕТА ВЕЛИКОМАЧЕНИЧКА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА

Родена е во селото Слатина, во Мегленската област, од сиромашни селски родители, коишто имаа уште три ќерки. Света-та Злата беше кротка и побожна девојка, мудра со Христовата мудрост и златна не само по име туку и по богобојазливото срце. Еднаш кога излезе по вода, ја фатија некои бесрамни Турци и ја одвлекоа во својата куќа. Кога еден од нив и' нудеше да се потурчи и да му биде жена, таа храбро му одговори: „Јас во Христа верувам, само за Него знам и Он ми е Женик. Од Него нема да се откажам никогаш, макар и на илјада маки да ме ставите и на парчиња да ме исечете.“ Тогаш дојдоа нејзините родители и'рекоа: „Смилувај се на себе и на нас, откажи се привидно од Христа и ќе бидеш среќна и ти и ние, а Господ е милостив, ќе ти прости за гревот ако го правиш по цена на животот.“ И плачеа горко родителите, сестрите и роднините. Но витешката душа на Св. Злата не даде да биде победена од ѓаволските стапици. На своите родители им одговори: „Штом ми советувате да се одречам од Христа Кој е вистински Бог, не сте ми повеќе родители ни сестри; татко ми е Господ Исус Христос, мајка Богородица, а браќа и сестри - светителите и светителките.“ Тогаш Турците ја фрлија во затвор, каде што лежеше три месеци и секој ден ја биеја додека нејзината крв не ја натопи земјата. Потоа ја обесија главечки и ја подложија на оган за да се загуши од чадот. Но Господ беше со неа и'даваше сила во страдањето. На крајот ја обесија на дрво и целата ја исекоа на парчиња. Така оваа мажествена девица Му го предаде својот дух на Бога и се пресели во рајските живеалишта, во 1796 година. Парчиња од нејзините мошти христијаните разнесоа за благослов по своите домови.

По молитвите на Светата Злата Мегленска, Господи Исусе Христе, спаси ги душите наши. Амин!

## HOLY HIGH MARTYR ZLATA MEGLENSKA

She was born in the village of Slatina, in the Meglen area, to poor village parents, who had three other daughters. Saint Zlata was a meek and pious girl, wise with the wisdom of Christ and golden not only in name but also in her God-fearing heart. Once when she went out for water, some shameless Turks caught her and dragged her to their house. When one of them offered her to go to Turkey and be his wife, she bravely answered him: "I believe in Christ, I only know about Him and He is my Husband. I will never give up on Him, even if you put me to a thousand torments and cut me into pieces." Then her parents came and said to her: "Have mercy on yourself and on us, give up the appearance of Christ and you and we will be happy, and God is merciful, he will forgive your sin if you do it at the cost of your life." And the parents, sisters and relatives cried bitterly. But the knightly soul of St. Evil did not allow itself to be defeated by the devil's traps. She answered her parents: "As soon as you advise me to deny Christ who is true God, you are no longer my parents or sisters; my father is the Lord Jesus Christ, my mother is the Mother of God, and my brothers and sisters are the saints." Then the Turks threw her into prison, where she lay for three months and was beaten every day until her blood soaked the ground. Then they hanged her upside down and put her on fire to suffocate from the smoke. But God was with her and gave her strength in suffering. In the end, they hung her on a tree and cut her all into pieces. So this virile virgin surrendered her spirit to God and moved to heavenly abodes in 1796. Pieces of her relics were blown by Christians for blessing in their homes.

After the prayers of Saint Zlata Meglenska, Lord Jesus Christ, save our souls. Amen!

## ЗАПОЧНА СО РАБОТА НЕДЕЛНОТО УЧИЛИШТЕ ОД ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА

На 20 октомври по божјиот Благослов за среќно и безгрижно учење за оваа учебна година отпочна новата училишна година за младите Македончиња во неделното училиште на Свети Илија. ,,Бог да е со вас деца, да ве следи успех по патот по кој храбро чекорите!,, -гласеше пораката до нив од страна на парохискиот свештеник отец Благој Пенев. Учениците секоја недела активно учествуваат во часовите по македонски јазик како и различни активности низ кои ги продлабочуваат своите знаења за македонската вера и традициите, истовремено почитувајќи ги и најважните канадски традиции низ забава и игра. Неделно то училиште не би било успешно во својата работа без помошта и заложбите на волонтерите.


Неделното училиште не би било успешно во својата работа без помошта и заложбите на волонтерите.


Учениците секоја недела активно учествуваат во часовите по македонски јазик


,,Бог да е со вас деца, да ве следи успех по патот по кој храбро чекорите!,,

## УСПЕШНА РАСПРОДАЖБА НА ЦРКОВНИТЕ ДАРОВИ

Женската секција од црквата Свети Илија предводена од петседателката Весна Трајковска на 13-ти октомври го организираше есенскиот бејк сел, односно продажбата на месените солени и слатки производи од рацете на вредните Македонки. Исто така, на оваа есенска распродажба беа изложени и продавани дарови дарувани пред олтарот во црквата Свети Илија во текот на изминатите месеци. Претседателката Трајковска им се заблагодарува на сите дами кои со својот волонтерски труд придонесоа за успехот на овој базар, а особено на ветеранките кои несебично се заложија при месењето на традиционалните македонски мазници.




На есенска распродажба беа изложени и продавани дарови, дарувани во црквата Свети Илија во текот на изминатите месеци.












**На 9-ти ноември 2024-та,**
**повелете на свечениот митровденски банкет во чест на патрониот ден на**
**М.П. Ц. Св. Димитрија Солунски**
**во Маркам.**
**Тел: 905-471-5555**
**201 Main St N Markham, ON L3P 1Y4**
**Canada**

**Join us on Saturday November 9th 2024**
**For our banquet and celebration**
**of our Patronal Day.**
**For table reservations please call:**
**905 471 5555**

## ЧЕСТВУВАЊА ВО ЧЕСТ НА ПАТРОНИОТ ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТИ ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ ОД МАРКАМ

### НА ДЕНОТ НА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ДИМИТРИЈА

По повод нашиот црковен празник Свети Димитрија Солунски на 8ми Ноември 2024, ќе се одржи Света литургија по што женската секција од црквата со претседателката Сојна Алексовска Мириќ подготвува празничен ручек.

### МИТРОВДЕНСКИ БАНКЕТ

Митровденскиот банкет годинава се одржува во сабота на 9-ти ноември во 6 часот навечер. За музиката е задолжен познатиот музички оркестар ,,Балкан Ентертејнмент.

### МИТРОВДЕНСКИ БАЗАР

Во недела на 10-ти ноември се одржува традиционалниот есенски, Митровденски Базар веднаш после Светата Литургија. Сите сте добродејдени.

In honour of our patronal day St.Dimitrija Solunski on Friday November 8th 2024.
Please join us for church service and lunch to follow.
On Sunday November 10th 2024
Immediately after church service we will be holding our annual church Bazaar.
All are welcome.

## КОЈ БИЛ СВЕТИ ДИМТРИЈА СОЛУНСКИ?



Свети Димитрија Солунски е прочуен македонски маченик и светец од Солун, во почетокот на IV век. Во средновековието станал еден од најславните „воени“ светители, и често се поврзува со Св. Георгиј. Неговиот ден се празнува на 8 ноември (26 октомври по стариот календар), и уште е познат како Митровден.

Најстарите записи за животот на Св. Димитрија доаѓаат од IX век, иако има слики за неговите чуда уште од VII век.

Овој славен и чудотворен светител се родил во Солун од благородни и благочестиви родители. Измолен од Бога од бездетни родители, Димитрија бил син единец, така што бил воспитан со големо внимание. Татко му бил војвода солунски и кога умрел, Димитрија бил поставен за војвода, наместо неговиот татко. Кога го поставил за војвода, царот Максимијан особено му препорачал да ги гони и истребува христијаните во Солун. Но, Димитрија не само што не го послушал царот туку напротив, јавно го проповедал христијанството во Солун. Кога слушнал за тоа, царот Максимијан многу се огорчил и еднаш, враќајќи се од војна, дошол во Солун за да ја испита оваа работа. Тој го повикал војводата Димитрија и го испитувал за верата. Димитрија, јавно пред царот, признал дека е христијанин и го изобличил идолопоклонството на Максимијан. Разјарен, царот го фрлил Димитрија во затвор.

Знаејќи што го чека, Димитрија му го врачил сиот свој имот на својот верен ученик Луп за да го раздаде на сиромасите и отишол во затворот весел, зашто му претстоело страдање во името на Господ. Во затворот, нему му се јавил ангел и му рекол: „Мир на тебе, страдалецу Христов. Биди храбар!“ По неколку дена, царот испратил војници во затворот за да го убијат Димитрија. Војниците го нашле Димитрија во молитва и го избодиле со копјата. Неговото тело тајно го презеле христијаните и чесно го погребале. Преданието вели дека од неговото тело потекло исцелително миро, со коешто многу болни се излечиле.

Наскоро, над моштите на Св. Димитрија била подигната малечка црква. Еднаш, некој илирски војник — Леонтиј, бил болен од неизлечлива болест — но со помош на моштите на Св. Димитрија и со молитва целосно оздравел.

Од благодарност, тој му подигнал на Св. Димитрија многу поголема црква, а светителот му се јавил двапати.



# ЗА ЉУБОВТА КОН НЕПРИЈАТЕЛИТЕ



Пишува:
Протоерej Александар Тодоровски
Парохиски свештеник во Епархиски соборен храм „Св. Климент Охридски" - Торонто
Тел. 654 801 9915; e-mail: fr.aleksandar@stclementofohrid.com

„Љубете ги непријателите свои; правете им добро на оние што ве мразат; благословувајте ги оние што ве колнат, молете се за оние што ве навредуваат! На оној што ќе те удри по едниот образ, заврти му го и другиот; а на оној што сака да ти ја земе наметката, подај му ја и кошулата" (Лк 6, 27-29). Со овие зборови Господ ни' заповеда да ги љубиме своите непријатели. Помеѓу сите морални заповеди на Спасителот, таа заповед е највозвишена и најтешка.

Колку висока и тешка да ни' се чини заповедта за љубов кон непријателите, ние треба да ја исполнуваме, бидејќи сме христијани. Љубовта кон непријателите треба да биде карактеристика на секој христијани. Да ги љубиме оние кои не' љубат нас – тоа го прават незнабошците и Јудеите. „Но, вие" – ни' вели Спасителот - „љубете ги своите непријатели, благословувајте ги оние кои ве колнат, правете им добро на оние кои ве мразат, за да бидете вистински синови на Вашиот Отец небесен".

Пред се', да го насочиме вниманието врз нашиот непријател, кој е тој и каков е? - Кој и да е тој, според општествениот статус и по своите дела, сепак тој е човек, украсен со образот Божји, кој секогаш и секаде е достоен за нашата почит и љубов. Дали пак, навистина нашиот непријател не' мрази, не' мисли ли зло, ни' причинува ли неволји и огорчување? Ако е вистина, тогаш попрво треба да го сожалиме, бидејќи, чувството на омраза и злоба е најтешкото чувство, убиствено за душата и телото, таквиот самиот се казнил себеси, а конечната отплата за она што тој го прави, да му ја оставиме на небесниот Одмазник Кој вели: „Одмаздата е Моја, Јас ќе отплатувам" (Рим. 12,19), и Кој подобро од нас ќе размисли, што заслужува нашиот непријател.

Сега да обрнеме внимание и самите на себе. Ако му простиме на нашиот противник и наместо омраза и злоба почнеме да му укажуваме љубов, ние многу ќе се издигнеме и во своите очи ќе празнуваме победа над еден од најсилните непријатели, над страстите гнев и одмазда. Ако за сето зло му возвратиме на ближниот само добро, многу ќе заработиме и во очите на нашиот противник, кој неволно ќе ни' оддаде почит, и малку по малку, можеби ќе ја омекне својата озлобеност, и победен од нашите добри дела, ќе стане наш искрен добронамерник, па дури и пријател. Многу ќе добиеме и во очите на општеството во кое живееме ако им ги простуваме на ближните сторените навреди и огорчувања. Лесномислените пак, кои се водат од духот на овој век, можеби ќе не'наречат „слаб човек", кој не ја цени својата чест; но сите расудливи и благородни луѓе, а особени сите кои го разбираат духот на христијанството ќе речат дека постапуваме прекрасно, христијански, дека повеќе од се' го цениме своето име – христијанин.

Но, најглавното е дека, со своето простување на навредите, со својата љубов и добри дела кон непријателите ние ќе добиеме најмногу пред очите на Самиот Господ; ќе го добиеме скапоцено право на простување на сите наши гревови од небесниот Судија: „ако им ги простите на луѓето гревшките нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен; ако, пак, не им ги простите грешките на луѓето, и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите грешки." (Мт 6,14-15). Само тој поттик, да ги сакаме непријателите, дури и да немаше други поттици, е потполно доволен да ни' го олесни исполнувањето на божествената заповед и да ги оттргне сите тешкотии, кои се среќаваат на патот кон толку посакуваната цел, а не да ги преувеличуваме тешкотиите при исполнување на Христовата заповед за љубовта кон непријателите.

Нашиот земен живот и онака е полн со секаков вид неволји и маки. Зашто ние самите да ги зголемуваме со своето меѓусебно непријателство, одмазливост и злоба? Колку би се изменил нашиот живот, колку би се подобриле нашите општествени односи, колку среќа би се излеала и во срцата на посебни лица, и во пребратките на семејствата, да ги бевме следеле кротките совети на нашиот изобилен со љубов Спасител за љубовта кон непријателите, за простувањето на навредите, за молитвата која треба да ја упатуваме за угнетувачите, за добрите дела со кои треба да возвраќаме на злоделата!

### НЕОСНОВАНОСТ НА АРГУМЕНТИТЕ СО КОИ НЕКОИ САКААТ ДА ЈА ОПРАВДААТ СВОЈАТА ОМРАЗА КОН НЕПРИЈАТЕЛИТЕ

Има луѓе кои под разни причини и предлози се откажуваат да ја исполнуваат спасителната заповед: „Љубете ги непријателите..." (Лк 6,35). Но, основани ли се обвиненијата со кои некои ја оправдуваат својата омраза кон непријателите?

Некои велат, дека со радост би им простиле на непријателите, но никогаш не можат да ги заборават нанесените од нив навреди. Што ќе речеме ако и Бог, исто така, постапи со нас, како што ние постапуваме со непријателите? Нашата чест, велат, и нашата позиција во општеството бараат одмазда, но, во што се состои вистинската чест? Или нашето име христијанин можеби нема никакво значење? Ако сакаме да се одмаздиме за нанесената ни' од некого навреда – да возвратиме со добро! Ако возвраќаме на друг начин, ќе бидеме презрени и од народот и од нашите непријатели".

Навредата е многу голема, велат, а, наградата која им се дава на оние кои им простуваат на непријателите зарем е мала? Или, пак, навредите кои Му ги причинуваме на Бога, се незначајни? Да се отстапува во се' пред другите е знак, велат, на недостојна плашливост. Така ли е? Од друга страна, нели е побитно да се покоруваме на Бога повеќе отколку на луѓето?

Други пак, велат, не владеат со природните движења на срцето. Таквите, не сакаат ли да бидат помудри и од Бога? Бог, бидејќи ја соединил душата со телото, сака да бидеме добродетелни и свети, да им простуваме на непријателите, а она што Тој го заповеда, секако дека е возможно при Неговата добрина, бидејќи, кога христијанинот вели: „не можам", тоа значи: „не сакам".

Толку неосновани се' аргументите, преку кои некои се трудат да ја оправдаат својата злоба и непријателство. Да запомниме, дека љубовта укажана на непријателите е најдоброто средство да ги претвориме нив во наши пријатели и добрprinciple-чинители, како што вели и блажениот Августин: „Сакате ли да немате непријатели? - Тогаш, сакајте ги непријателите. Таква е силата на љубовта". Јасен пример за ова се: Исав и Јаков, по враќањето на вториот од Месопотамија (Бит. 33,4).

### ТОЛКУВАЊЕ НА ЗАПОВЕДТА НА СПАСИТЕЛОТ ЗА ЉУБОВ КОН НЕПРИЈАТЕЛИТЕ

Укрепувајќи ги Своите следбеници во правилата на христијанскиот живот и дејност, Господ Исус Христос им вели: „Љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат" (Мт 5,44-45).

Колку и да се високи барањата да ги сакаме непријателите, да им правиме добро на гонителите, итн., сепак, тие големи побарувања на љубовта се заедно со тоа и барања за справедливост: „како што сакате да постапуваат луѓето со вас, така постапувајте и вие со нив!". Што може да биде посправедливо и позаконско од ова барање?

Но, еве ги правилата кои многумина ги соблазнуваат: „Ако некој те удри по десниот образ, заврти му го и другиот. А на оној што сака да се суди со тебе и да ти ја земе кошулата, дај му ја и наметката. И ако некој те присили да одиш со него една милја, ти оди две." (Мт 5,38-41). Зарем навистина, прашуваат некои во недоумение, дека треба без противење да ги поднесуваме сите навреди, најпонижувачките, па дури и шлаканиците? Подвизите на една таква највисока љубов и себеодрекување не за секого од нас може веднаш да бидат достапни, но кон такви подвизи треба да одиме преку долготрајно вежбање на своите морални сили и преку духовно воспитување. Светата Црква во хоровите на своите светители има такви подвижници кои со сопствени раце му помагале на разбојник да им го разграба она што го поседувале. Но, ќе повториме, тоа се такви возвишени подвизи на љубов и себеодрекување, кои не секој може да ги поднесе.

Оние од нас кои не достигнале такво морално совршенство и не се во состојба да поднесат такви подвизи се пример за ограничување во евангелското учење за подвизите на љубовта и себеодрекувањето, но тоа е такво ограничување, кое се однесува посебно не кон смислата и ширината на заповедта за љубовта, туку кон нашите немоќи.

Има и друг вид ограничувања, кои по суштина не ја стеснуваат смислата на заповедта, туку ја рашируваат. Христовото учење не' повикува да поднесуваме лични навреди и неволји, но, ако станува збор за крадец, кој со својот престапнички начин на живот и' пречи на општествената благосостојба, и од страв гледаме снисходливо кон него и не се трудиме да го предадеме во рацете на власта и судот – во таков случај, таквиот греши против љубовта кон ближниот. Ако некој е поставен за судија и во таа функција поради чувство на лично снисходење крие од законот, ги оправдува крадците и грабувачите, тогаш таквиот греши против заповедта на љубовта, па дури и да мисли дека тоа го прави поттикнат од љубов и снисходење.

Но, ако нашиот брат преку глад и секаков вид лишување е доведен до очај, и заборавајќи на срам и совест, не обрнувајќи внимание на опасноста, ја протега раката кон нашата сопственост, треба ли да појаснуваме, како треба да постапиме во тој случај? Нели ни' говори нашето срце дека тука нема место за казнување, туку за сострадание и милосрдие?

Но, само тие несреќници ли им се доверени на нашата љубов и милосрдие, а оние, наши непријатели, гонители, навредувачи и грабачи се предадени во жртва на нашата злоба и одмазливост? Секако дека не! Нашата љубов треба и нив да ги опфаќа. Ако нашиот непријател страда, треба да ги заборавиме сите навреди и да побрзаме да му помогнеме, ако е гладен – да му подадеме леб; ако е жеден – да го напоиме; но, никако да не чуваме во своето срце омраза кон својот непријател и да не се одмаздуваме, а така заповедал дури и старозаветниот закон (3 Мојс 19,17-18). Давид двапати имал можност да му се одмазди на својот најжесток непријател Саул, и не се одмаздил.

Колку и да е јасна Божјата заповед: „Љубете ги непријателите ваши" (Лк 6,35), не мнозина се луѓето кои ја исполнуваат. За жал се' почесто гледаме дека заповедта се нарушува на секој чекор, а Божјата заповед треба да биде света, и нејзиното престапување не може да остане неказнето за нас.

Но, зошто ни' е толку тешко да им простуваме на непријателите? Не затоа ли зашто нашето срце се одвикнало од љубов и станало потполно себељубиво? Надменост и презир кон посиромашните, притеснување и грабежи кон слабите, завист и ожесточеност кон побогатите, конкурентски однос кон еднаквите, непријателство дури и кон оние, со кои Бог не' сврзал преку свештени врски – кон родителите и децата - тоа е тажната, но реална слика на нашите односи, лошо прикриена поради љубезност и поради култура.

Христијанинот треба да ја пројавува својата љубов кон непријателите и навредувачите со благородното себеодрекување, со кое тој ја одбива секоја одмазда, па дури таа да е и справедлива. Затоа, да Го молиме Бога, да ни'ја дарува Тој сесилната благодат на Светиот Дух, која од нашите скаменети срца би направила срца од плот способни да љубат, не само пријатели, туку и непријатели.

Страницата е помогната од доброчинителите Јулија и Славе Димитрови

# 50 ГОДИНИ СВЕШТЕНИЧКА КАРИЕРА НА ОТЕЦ ЈОВАН БОСЕОВСКИ

**НАМ НА ИСЛЕНИЦИТЕ, ЦРКВАТА НИ' Е И МАЈКА И ТАТКО**

Отец Јован Босеовски е свештеник за кого нема Македонец во Канада, но и пошироко во американските градови каде што службувал низ годините на неговата богата кариера, а да не слушнал за него.

Потекнува од живописното мариовско село, Градешница, селото на Итар Пејо, но и на мнозина други значајни истакнати дејци од овој крај.Името го носи по деда си Јована,роден е од Марија и Стево, а израснал покрај брата сиТрајко, кој е исто така многу значаен свештеник со извонредна кариера, како и покрај сестрите Мита, Богдана и Менка.



По желба на деда си, имењакот Јован по завршувањето на основното училиште во родната Градешница и осмолетката во централната Старавина бил испратен во најблиското богословско училиште, кое се наоѓало дури во Призрен кадешто останал 2 години. По отворањето на Богословската школа во Скопје го продолжил своето школување уште неколку години за да го заврши во Белград на тамошниот угледен богословски факултет.Во Канада доаѓа на покана на сестра си Менка и е помеѓу првите четворица македонски свештеници во целата Американско-канадска македонска православна Епархија. Своето прво работно место го пронаоѓа во Passaic, во новосоздадената парохија за Њу Јорк и Њу Џерси, по што ќе биде преместен во Хамилтон, за да следат и службите по градовите Бафало и Торонто.Својата свештеничка кариера ја завршува со 20 годишното службување во црквата Свети Климент Охридски во метрополата Торонто.






,,Благодарение на господ и благочестивиот македонски народ кој ја напушти Македонија само физички од различни причини, но со срце и душа остана да живее како македонски народ и ја пренесе Македонија во Канада, имав прекрасни професионални свештенички години,,-вели отец Босеовски. Ние сме генетски предодрени да истраеме, да ја имаме црквата како мајка, а на овие простори каде што црквите се и културни домови, таа ни' е и мајка и татко.

,,Македонските семејства ги одржа ла црквата, а тоа многу ни' кажува, затоа што народ без црква е народ без иднина, народ без држава,, -вели отец Јован.

, Како што знаеме низ вековите се менувале државните уредувања, освојувачите, окупаторите, но македонските семејства останале силни и здрави и во услови на страшни немаштини, сето тоа благодарение на верувањето во Бога, во црквата, на правилниот однос и почитта кон светиите,, - додава отец Босеовски.

Отец Јован со задоволство се присетува на владиката Кирил од кого најпрво го добива свештеничкиот благослов, а кој како и за многумина Македонци кои се сведители на изминатите години на неговото раководење со епархијата е вистинска легенда која заслужува огромна почит.



August 1974 - Ordination of Father Jovan by Bishop Kiril at St. Joakim Osogovski, Kriva Palanka Macedonia

,,Со заминувањето на дедо Кирил, ниту македонската заедница, ниту нашата Македонија, не е иста. Неговиот силен дух на световен човек, патриот, неговата вера во Бога и моќта да ја пренесува Македонштината и допре до секоја македонска душа останува незаборавена. Живевме во многу непредвидливи и зајадливи времиња, имаше моменти на пропаганди и негирање на нашиот македонски јазик, македонската црква, македонската култура и традиции, но со силна вера и патриотски дух премостувавме се', простум и достоинственo, вели отец Јован.

Во Торонто пред повеќе години ја запознал својата животна сопатничка Мила, професор по анлиски јаик и литература, активно вклучена во општественото живеење на Македонците, особено на новодојдените семејства и поединци на кои сесрдно им помагала во преведување и подготовка на различни документи за нивните потреби.

За отец Јован таа е столб на семејството, негова десна рака, најголем советник, чувар на домот и огништетето. ,, Без добра, квалитетна попадијка како поддршка на свештеникот, нема ни добар свештеник, вели отец Јован. Во бракот со попадијата Мила изродиле три деца: Стефан, Марија и Спиро. Од децата ги дочекале и внуците Борче, Мила, Јован (Џани), И Ева. Сега во пензионерските години од животот смислата ја пронаоѓа во семејството и другарувањето со внуците, активностите во кои тие уживаат и го исполнуваат слободното време, како што се различните спортови, се и радост за дедо Јован Босеовски.Иако пензионер тој е активно вклучен во бројни богслужби по разни поводи заедно со останатите свешетеници или во замена на свештениците кога истите не се во неможност да одржуваат служби. Неговите молитви и пораки до Бога се да го чува македонскиот род и народ, да биде сложен и да не се кара меѓусебно, затоа што така ќе биде милуван и од Господа Бога.

Затоа што како што вели познатата изрека: Како може некој да го сака Бога кого не го видел, ако не го сака ближниот свој?

Отец Јован Босеовски упатува голема благодарност до сите свои соработници низ 50 годишната свештеничка кариера, а на читателите на весникот ,,Македонија ,, им порачува да го читаат редовно и да не го заборават македонското кирилско писмо.

На многаја лета!

Sept 1974 - Founding fathers of American-Canadian Macedonian Orthodox Diocese.
(left to right) Reverends Gligor Lapevski, Boris Arsoski, Boris Popovski, Jovan Boseovski, Mihail Teoharov



# МАКЕДОНИЈА ДЕНОВИВЕ

## ЕКОНОМСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ И РАЗВОЈНИ МОЖНОСТИ ЗА МАКЕДОНИЈА“ – САМО СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕГИСКИТЕ ЦЕЛИ НА ДРЖАВАТА, НЕЈЗИНАТА ЕКОНОМИЈА МОЖЕ ДА СТАНЕ ПОКОНКУРЕНТНА

Македонскиот премиер Христијан Мицкоски порача дека само со реализација на стратегиските цели на државата, нејзината економија може да стане поконкурентна.Мицкоски пред почетокот на конференцијата на „Блумберг Адрија“, на темата „Економски потенцијал и развојни можности за Македонија“, која се одржа во Скопје, одговарајќи на новинарско прашање како може Владата да помогне Македонија да направи диверзификација на извозот и на тој начин да стане поконкретна, истакна дека не може прекуноќ да се промени еден систем што е граден со децении и за да се случи тоа, потребно е да се реализираат стратегиските цели на државата.

– Прво, вие не можете прекуноќ да промените еден систем што е граден со децении и немате магично стапче да речете од утре сега веќе нема да се потпираме само на една опција, имаме неколку опции. Треба време. За да се случи тоа, потребно е да ги реализираме стратегиските цели на државата. Јас секогаш зборувам за тоа, еве ја користам и оваа можност сега да потенцирам дека мојот сон, бидејќи сме земја што за жал не излегува на море, и овој недостаток треба да го претвориме во наша предност – истакна Мицкоски.

Понатаму тој се осврна на точките што би можеле да бидат наша предност и кои можат да донесат бенефиција за земјата.

– Ние сме природна раскрсница на два многу значајни европски коридори, тоа се коридорите 8 и 10. На тој начин, кога ќе го заокружиме овој процес, ние ќе бидеме раскрсница и на транспортниот и на железничкиот и на енергетскиот, би рекол, и енергетска раскрсница во овој дел на Европа. И тоа е она што нам треба да ни даде геостратегиска предност за да можеме како држава најпрвин да бидеме во зеницата, во радарот на големите инвеститори и на големите земји – изјави премиерот Мицкоски.Што се однесува до Германија и економските турбуленции што се случуваат таму, македонскиот премиер подвлече дека ние нема веднаш сега да го почувствуваме тоа, но таму некаде во вториот квартал следната година е можно да има негативни ефекти, и не само кај нас, светот ќе има негативни ефекти, а особено Европа.

– Затоа ние многу внимателно пристапуваме и затоа многу внимателно планираме да ги трошиме средствата што ги заработуваме и во централниот буџет, но и ги позајмуваме. И тоа треба да бидат трошења само во насока на вложување во инвестиции, не во јавна потрошувачка туку во инвестиции. И затоа рековме од оние половина милијарда евра пари што веќе се легнати на сметката на Народната банка, половина ќе бидат за компаниите, односно кредити за компаниите, и веќе сме во преговори со банките, како овој процес ќе функционира во пракса за да останат истите услови – рече Мицкоски.

Тој уште додаде дека во тек се преговори со банките за да може парите од унгарскиот кредит да се наменат и за компаниите по поволни услови.

– Морам да кажам дека почетоците на овие преговори не се онакви какви што очекувавме ние. Но, тоа е што е. Ќе разговараме со банките, па ќе видиме до каде ќе стигнеме, но во секој случај компаниите ќе ги имаат истите услови што ги имаше оној заем, односно 3,25 отсто камата, три години грејс период и период на отплата до 12 години дополнително. Има тука дилема кај некои од банките дали можат машините повеќе од седум години да бидат интабулирани поради амортизацијата и така натаму. Но се надевам дека низ еден разговор сето ова ќе биде надминато и преостанатите средства ќе бидат за капитални инвестиции, дел за општините, дел за централната влада, бидејќи не можат сите општини веднаш да ги стерилизираат овие пари во нивните инвестиции, бидејќи ќе треба време итн. – истакна Мицкоски.

Тој уште потенцира дека наша цел е да и' се даде еден драјвер на економијата преку инвестиции, реализација на капитални инвестиции и вложување од страна на компаниите во сопствени основни средства за работа.На тој начин очекуваме да се зголеми продуктивноста, а со зголемување на продуктивноста да се обидеме да го зголемите и приходот и да ги подобриме перформансите на економијата. Но, да завршам, доколку ние веднаш очекуваме дека од една опција што сме ја имале наеднаш ќе имаме 10, 20, 50 опции, тоа е невозможно бидејќи немаме толку голем број на природни ресурси на располагање. Немаме нафта, немаме гас, не сме држава на море, така што сето ова што го зборував е наша стратегиска определба како влада и мој личен сон и мислам дека многу скоро денеска ќе реализираме тоа – изјави Мицкоски.

## МИЦКОСКИ: ДО СРЕДИНАТА НА НОЕМВРИ СУБВЕНЦИИ ОД НАД 1,3 МИЛИЈАРДИ ДЕНАРИ ЗА ОКОЛУ 20.000 ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Состојбата со земјоделието е катастрофална од она што го наследивме. Консолидирање претстоеше во овој период и можам да кажам дека во периодот од 25 и 26 јули некаде до 17-18 ноември повеќе од милијарда и триста милиони денари се исплатени за повеќе од 20.000 земјоделци субвенции, изјави во струмичко Ново Село премиерот Христијан Мицкоски. Ова, според него, досега било невозможно.

Мицкоски најави дека ова консолидирање продолжува и следната година.-Ќе ве потсетам дека имавме исклучително добра цена за лозарите, за тие кои се занимаваат со лозарството. Исто така поддршка за одгледувачите на сливи. Имавме вонредни мерки за производителите на јачмен и пчениц, со јаболкото сега засега ситуација е одлична – изјави Мицкоски кој беше на Костенијада 2024.

## СКОПЈЕ И ОХРИД ДОБИВААТ ШЕСТ НОВИ АВИОНСКИ ДЕСТИНАЦИИ ВО 2025 ГОДИНА

Шест нови авионски линии со Дубаи, Барселона, Лион, Штутград, Базел и Истанбул ќе бидат отворени следната година, најави министерот за транспорт, Александар Николоски, на денешната прес-конференција во Владата.

Како што информираше министерот Николоски, четири нови авионски линии се однесуваат на скопскиот аеродром, кадешто два пати неделно ќе се лета на релација Скопје-Дубаи-Скопје (од 30 март), исто како и Скопје-Барселона-Скопје (од 30 јуни), додека, по три пати неделно ќе се лета Скопје-Лион-Скопје (од 30 јуни) и Скопје-Штутград-Скопје.

На охридскиот аеродром, новина се линиите Охрид-Базел-Охрид која ќе лета два пати неделно и редовната линија Охрид-Истанбул-Охрид (од 30 март), која ќе лета четири пати неделно.

Министерот информираше дека државата субвенционира 12 евра по патник на доаѓање на охридскиот аеродром и 9 евра по патник на доаѓање на скопски аеродром. Тој рече дека се очекуваат 200.000 патници плус со новите линии.

– Овие шест дестинации се прекрасна вест за македонските граѓани. Директно поврзување со Дубаи, Барселона Штутгард, Лион, Базел и Истанбул се прекрасна вест која ќе донесе бројни нови туристи и полесно патување за македонските граѓани, рече министерот.

Дополни дека се во процес на подготовка на втор повик кој треба да се објави кон крајот на ноември и да донесе нови дестинации.

Во моментов, на скопскиот аеродром во лето оперираат 47 дестинации, а на охридскиот осум, додека, во зимскиот период 38 од скопски и четири од охридски аеродром.

Виз Еир е авионската компанија задолжена за новите летови за Штутгард, Базел, Барселона и Лион. Флај Дубаи за Дубаи и Туркиш Ерлајнс за Истанбул.

## ВО МАКЕДОНИЈА СЕ БЕЛЕЖИ ЗГОЛЕМЕН БРОЈОТ НА СТРАНСКИ ТУРИСТИ

Во периодот јануари – август 2024 година бројот на туристите е зголемен за 8,3 отсто во однос на истиот период лани, соопшти Државниот завод за статистика. Кај домашните туристи има намалување за 0,9 проценти, а кај странските зголемување за 14,4 отсто.

Зголемен е и бројот на ноќевањата за 5,3 отсто, кај домашните туристи за 2,6, а кај странските за 9,3 проценти.

Бројот на туристите во август годинава бил 232 576. Од нив 48,6 отсто биле домашни, а 51,4 проценти странски туристи. Бројот на ноќевањата изнесувал 911.478 и тоа 74,3 отсто од домашни и 25,7 проиценти од странски туристи.

## ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ОД ПРИЛЕП 45 ГОДИНИ ПРОМОТОР НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

Националната установа центар за култура „Марко Цепенков“ ги започна активностите за одбележување 45 години од формирањето. Во наредните 30 дена ќе се реализираат голем број културни настани, изложби, концерти и промоции, со кои ќе се одбележи годишнината. Институцијата како дом на културата ја започнува дејноста на 14 ноември 1979 г. со отворање изложба од прилепски автори и со специјално подготвената театарска претстава „Факел“ од Коце Солунски. И годинава годишнината ќе биде одбележана на 14 ноември со изложба на дела од меѓународната ликовна колонија „Дрен 2024“ и концерт на „Фиа трио“.

Во почетоците домот на културата ги поттикнувал аматерските дејности: фолклор, сликарски школи, литературни, драмски и фотоклубови. Во 1990-тите години во рамките на домот влегуваат Културно-просветната заедница (КПЗ) на Град Прилеп, списанието за литература, уметност и култура „Стремеж“ и Центарот за современа ликовна уметност, па домот „Марко Цепенков“ прераснува во центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп со значајна издавачка, ликовно-галериска и сценско-музичка дејност. Во 2004 г. со законските измени го добива статусот: Национална установа – центар за култура „Марко Цепенков“ и во нејзини рамки влегува театарот „Војдан Чернодрински“.

– Цели 45 години да се создава, чува и да се негува богатото културно наследство, вткаено во сопственоит подем, во растот на градот што неуморно покажува и докажува дека раѓа и одгледува писатели, сликари, актери, музичари, слободоумни луѓе со визија, е значајно. Годинава кога одбележуваме 45 години, а цел месец имаме многубројни активности, необично е тешко и речиси невозможно да се систематизираат, па дури и само да се набројат сите културни настани што се создале, се промовирале, се зародиле и се одиграле во НУЦК „Марко Цепенков“. Институцијата е голем репрезент на високопрофесионални театарски, литературни и ликовни дела, но и дава значајна поддршка за сите аматери – велат од центарот.

За исклучително значајната културна дејност, како и за извонредните пред се' театарски и музичко-сценски изведби и за ликовната активност, во 2009 г. НУЦК „Марко Цепенков“ ја доби најпрестижната награда на Град Прилеп, плакетата „3 Ноември“. И повторно, во годината кога одбележува значајна годишнина, ликовната колонија во Дрен е наградена со плакета по повод Трети ноември од Општина Прилеп. Тоа е потврда за професионалниот ангажман на институцијата на полето на уметноста, односно културата во градот.

– Со што е сработено во центарот низ годините е видливо. Останува аманетот за овие сегашни генерации да придонесат да се подигне уште повисоко рејтингот на институцијата, да се изнајдат начини за поддршка од државата за реконструкција на објектот, но и за изградба на нов театар. А понудата на квалитетни настани секако ќе ни биде во прв план, бидејќи опстојуваме и работиме за публиката и за граѓаните на Прилеп – додаваат од ЦК „Марко Цепенков.

## НАЦИОНАЛНАТА ОПЕРА И БАЛЕТ НА МАКЕДОНИЈА ОДБЕЛЕЖУВА 100-ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ПУЧИНИ

По повод стогодишнината од смртта на еден од најголемите оперски композитори, Џакомо Пучини, Националната опера и балет со гордост го најавува проектот „Месец на Пучини“. Од 8 до 29 ноември, публиката ќе има можност да ужива во четири значајни опери на Пучини: „Боеми“ (8.11.2024) – приказна за љубовта и загубата во боемскиот кварт на Париз; „Мадам Батерфлај“ (16.11.2024) – трагична љубовна приказна за јапонската гејша и американскиот офицер; „Тоска“ (23.11.2024) – опера за љубовта, предавството и жртвата во револуционерниот Рим; „Турандот“ (29.11.2024) – приказна за суровата кинеска принцеза и принцот кој се обидува да ја освои. – Секоја од овие опери носи емотивни приказни за љубовта, жртвата и страста, раскажани преку трогателни мелодии и виртуозни изведби, кои нашите солисти, хорот и оркестарот ќе ги оживеат на сцената. За публиката, ова е ретка можност, во еден месец, да доживее четири од најважните опери на Пучини, изведени на највисоко ниво. Проектот „Месец на Пучини“ не е само уметнички настан туку и можност да ја инспирираме новата генерација љубители на операта, да ги прошириме културните хоризонти и да предизвикаме интерес за оперската уметност кај пошироката публика – велат од НОБ.

VAC DEV

Accredited Nadcap™

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# Bill Hristovski




## Join the VAC Dev Team!

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## VAC Developments Ltd careers

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time






# MACEDONIAN FILM FESTIVAL 2024 NINETEEN YEARS AND STILL KICKIN'!

The Macedonian Film Festival of Toronto is the only film festival in the world that is dedicated to featuring films with a Macedonian connection!
This year, MFF screened two short films from up-and-coming young filmmakers who sent their work to the festival. These shorts, Cell 9 and Blue Hour, were fun and carried a message.

MFF's three feature films were all different from one another. The opening-night film, "M," was directed by Vardan Tozija, son of the late renowned filmmaker Gorjan Tozija. Featuring two brilliant youngsters as lead actors, "M" is a portrayal of a post-apocalyptic world that somehow still carries hope in its children. This film was followed by MFF's opening-night party next door at the Holiday Inn.

Saturday afternoon's first film was The Walk, directed by Tamara Kotevska, co-director of the 2019 hit film, 'Honeyland,' nominated for two Academy Awards.
MFF showed Honeyland to sold-out audiences in 2019 and also screened her previous co-directed film, Lake of Apples. Fun fact: the puppet featured in The Walk made a visit to Toronto in 2023 and was photographed and honoured as representative of young refugees seeking a place of peace and freedom.

The second film on Saturday afternoon was Something Sweet, a zany romantic comedy of switched identities, directed by the Slovenian comedian Tin Vodopivec and starring two famous Macedonian actors, Sasko Kocev and Jelena Jovanova.

To have a film festival that focusses on the world of Macedonian film is amazing, but what is more incredible is this: for over a century, Macedonians have been engaged in film-making at a rate and level that many larger nations never reach!

What makes this happen? MFF is grateful for the support of the community in terms of attendance and donations and could not exist without this support. The festival welcomes input and feedback: What can MFF do to make next year's festival, MFF's 20th, even better? We welcome hearing from you.
In closing, stories through film are powerful. That is why our film festival is important.




# НОВИТЕ МУЗИЧКИ ПРОЕКТИ НА ЖАКЛИНА МАРКОСКИ: ,, ЖАЛИ ГОРО, ЖАЛИ СЕСТРО,, И ,,КАЈ ШТО ТЕЧЕ ВАРДАРОТ,, ДЕЛО СЕ НА ВИРТУОЗОТ НИКОЛЧЕ МИЦЕВСКИ





Струмичанката Жаклина Маркоски која живее и работи во Рочестер, САД деновиве ги обзнани двете најнови музички дела со потписот на големиот македонски современ композитор Николче Мицевски.
Жаклина е често видена музичка гостинка на бројни манифестации коишто се одржуваат во канадските градови , до каде што се протега македонската заедница. Нејзината кариера во Северна Америка започнала во Торонто, Канада каде што живеела тринаесет години, поточно од 1993 до 2006 година.

Оттогаш наваму Жаклина живее во Рочестер, САД и иако е семејна жена, мајка на две деца, и покрај работните обврски со семејниот бизнис, таа ни за момент не ја запоставила својата уметничка, музичка кариера. Љубовта која ја чувствува и носи кон песната еднакво е голема како љубовта кон нејзиниот сопруг Марјан и синовите Филип и Стефан, на кои им е бескрајно благодарна за постојаната поддршка и љубов.
Песната ,,Жали горо,, е преработка на народна песна во нов, модерен аранжман кого Мицевски го скроил според најновите музички трендови, внимавајќи притоа да се зачува нашиот етно мелос и оригиналноста на песната.
"За мене таа е една од најубавите македонски народни песни. Јас сум пресреќна што имав прилика да соработувам со Николче и сметам дека го извадивме максимумот. Се надевам на уште наши заеднички соработки и во иднина"-изјави неодамна Жаклина.

Автентичната видео приказна е дело на ,,Зага продукција", која не'води на прошетка низ македонските шуми прекриени со есенско лисје, како симбол на човековиот живот и неговата минливост. Филмската приказна е снимена во живописните кории над битолското село Маловише.

Песната е вистинско уживање за љубителите на македонската музика со етно елементи а, надградена со прекрасниот носталгичен глас на Жаклина Маркоски.



Второто музичко остварување на Маркоски е песната ,,Кај што тече Вардарот,, композиција на Николче Мицевски, по текст на Борче Нечовски која премиерно беше изведена на фестивалот ,,Прилеп Фест,,. Аудио записите се реализирани во студиото на Дејан Момировски во Скопје, а видео приказната за оваа песна се снимаше во Охрид, покрај Вардарот, Демир Хисар... Овие две нови патриотски песни на Жаклина Маркоски се вистинско музичко освежување кои несомнено ќе останат запишани во новосоздадената македонска музичка ризница.













# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

***Address***
***2695 Durante Way,***
***Milton, ON, L9T 5J1***

## *Sales: 833-216-1270*

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| *Monday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Tuesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Wednesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Thursday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Friday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Saturday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Sunday* | *Closed* |







THE NEDAN TEAM
RENOVATE ■ LIST ■ SOLD
■Staging ■Moving ■Reno's ■Storage
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
Vasko Nedanovski
647.333.9628 Broker
NEDANREALESTATE.CA
Biljana Arsenovska
416.906.1398 Sales Rep
WE ARE A FULL SERVICE REAL ESTATE TEAM
OUR SERVICE DOESN'T END AT JUST PURCHASING OR SELLING YOUR HOME. WE FIRMLY BELIEVE IN HELPING YOU EVERY STEP OF THE WAY TO ENSURE A SMOOTH AND STRESS-FREE PROCESS. NOT ONLY WILL WE FIND YOUR PERFECT HOME, WE CAN HELP YOU MOVE INTO IT!
RIGHT AT HOME


COME MEET SANTA
Saturday, December 14th from 1:00-4:00pm
St.Ilija Macedonian Orthodox Church
1775 Bristol Rd W Mississauga
Vasko Nedanovski
647.333.9628 Broker
vasko@nedanrealestate.ca
RIGHT AT HOME
Biljana Arsenovska
416.906.1398 Sales Rep
biljana@nedanrealestate.ca
contact@nedanrealestate.ca

# Macedonian Cooking with Sue Eastwood






## WHAT WILL I DO WITH ALL THESE APPLES? LET'S DO AN APPLE PIE, SIMPLE AND DELICIOUS



My apple pie turned out incredible. You never know until you try it. If you want to eat the entire thing, you know it's well.

Pies can look intimidating, but they aren't. The key with the pastry is to work it as little as possible. Add as little water as possible. Just blend until it sticks together. When I started making pies, I rolled them out on parchment or clingwrap, so it was easier to lift and place in the pie plate. It's totally ok if you must press parts of it together right in the plate. To get a flakey crust, the dough should be cold going into the oven. So, it's not a bad idea to place the dough in the fridge before you roll it out.

The nice thing about pies, is that there is no waiting time for the dough and the ingredients are simple.

This is the recipe:

Apple pie

Pastry

2 1/2 cups all purpose flour

1/4 tsp salt

3 tbsp granulated white sugar

1/2 cup vegetable shortening

1/2 cup butter

1/2 cup ice water

Cut butter and shortening into the rest of the ingredients (use two knives to cut it in, until it looks like crumbs) and gradually add the water until it binds. Divide dough into two - roll out bottom layer and then roll out top or cut for lattice top.

Apple pie filling

7 medium apples

3/4 cup brown sugar

1/4 cup all purpose flour

3/4 tsp cinnamon

1 lemon to squeeze

1/4 teaspoon nutmeg

Peel, core and thinly slice the apples. Toss in the juice of the lemon.



Mix all the other ingredients and then toss and coat the apples in in.

Set aside to fill into pie.

Bake pie at 400F for about 45 min

I cover the pie with foil after 20 minutes and then remove it for the last 10 minutes, so the pie doesn't get too brown.





## CHICKEN WITH RICE, AND PICKLED (STORENI) PEPPERS



Macedonian chicken and rice casserole with pickled peppers. This is a Macedonian speciality; it was made often in the villages that my parents are from - Bukovo and Dolno Srpci. I suspect, actually, all around the Bitola area. Pickled peppers with rice are extraordinarily good. I add the pickling juice from the pepper jar to the rice instead of water. My Canadian husband requests this dish more than any other, as he did this time as well.

Here is how I made it:

Macedonian chicken with rice

8 small chicken legs

2 cups rice

Vegeta, smoked paprika, oil

Herbs (parsley)

Peppers (pickled) , onion

3 cups chicken broth

1 cup picking juice

I boil the chicken legs in a pot with just enough water to cover them, I also add some Vegeta instead of salt. I cook for about 15 minutes. I add one tablespoon of Vegeta.

I add olive to a skillet, add chopped peppers, chopped onion and two cups of rice. Fry until peppers are browned and rice is softened, add chopped fresh herbs and Vegeta.

I pour rice into casserole dish and add 3 cups of the chicken broth and 1 cup of the pickling juice from the peppers. I place the chicken legs in the skillet with oil with paprika and a little Vegeta and quickly braise the chicken (means to slightly add colour to it and get the nice crusty texture) - and then assemble into the casserole as well. Sprinkle with herbs.

I cover with foil paper and bake at 410 degrees Fahrenheit for about 30 minutes or until rice is fluffy and water is gone. Sprinkle with freshly chopped parsley.











Owners Robert Gill and Sue Eastwood

WORKPLACE SAFETY

RMG

rmgconsulting.ca

RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.

COR NATIONAL STANDARD Certified by IHSA.ca Work Safe for Life








## We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.

We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.




For more information

**CALL OUR TEAM**

**905 761 9030**

www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

# СОЊА ЛОЗАНОВСКА ОД ТОРОНТО – ДОБИТНИК НА ПРИЗНАНИЕТО „ЗЛАТЕН КЛАС“ НА „24-ТЕ ПЕЛАГОНИСКИ СРЕДБИ“

Соња Лозановска е познат и признат новинар, естраден уметник и главен и одговорен уредник на весникот „Македонија“ од Торонто. Таа е овогодишен добитник на признанието „Златен клас за македонски вознес“, што и' го доделија на „24-те Пелагониските културно – научни средби“ во Новаци, Битплско

Наградата е доделена на една од најактивните и најценетите македонски општествени естрадни уметници, Соња Лозановска, која е позната во македонската културна и поширока јавност, а со својот весник „Македонија“ има посебно место во информативната дејност на Македонците на Северно-американскиот континент. Таа придонесува весникот да биде еден од прозорците кон светот и сакан гостин во домовите на Маке¬дон¬ци¬те во Канада. во Соединетите Американски Држави и пошироко. Исто така, Соња како естраден уметник е позната дама и активист во заедницата, а со тоа има значајно место во целокупното живеење на Македонците во метрополата Торонто

Според податоците на претседателот на „24-те Пелагониски културно-научни средби“, д-р Весна Калпаковска, средбите започнаа да се формираат во 2000 година во Општина Новаци. Носители на активноста се познати писатели и научни творци кои со својот личен труд дале и даваат особен придонес за опстој на истите. Овие средби се од големо значење за Општината Новаци, за Битолскиот крај и во целост за зачувување на културно-научното наследство во Македонија и кај македонските иселеници насекаде во светот.

Овогодишниот добитник на наградата „Златен клас за македонски вознес“ Соња Лозановска, околу триесет години е во новинарството и е телевизиски презентер и водител, а денес главен и одговорен уредник на весникот “Македонија“ во Торонто. Весникот ја сплотува македонската заедница во Канада преку страниците на црквите, во кои се објавуваат нивните месечни активности, тука се и редовните рубрики кои ја отсликуваат македонската заедница, а неретко се пренесуваат и извештаи и репортажи за настани од животот на Македонците во Канада и САД.



Инаку Соња Лозановска започнала како водител на Македонската ТВ програма „Час на Македонски корени“ која се емитувавана државната телевизија ОМНИ на која работеше цели 9 години. Програмата се емитуваше еднаш неделно, а потоа со нејзиното искуство се ангажира во весникот „Македонија“.

Таа е исто така и поетеса, автор на збирките поезија “Резба во душата“ и “Калуѓерка во Бело“ , публицист низ нејзината мисија како естраден уметник и главен и одговорен уредник на весникот „Македонија, Таа е позната дама и активист во македонската заедница и има значајно место во целокупното живеење на Македонците во метрополата Торонто.

Соња Лозановска е родена на 1 мај 1974 година во Демирхисарски Жван, а корените и' се од живописното Вирово. Често се вели дека Жван е населба на познати личности и иселеници. Од демирхисарскиот крај потекнуваат бројни писатели, уметници и научници. Не може никој да ја одгатне тајната, зошто толку писатели се родиле покрај Црна Река, во заветрината на Илинска Планина. Исто така, може да се каже дека во демирхисарските триесет и девет села, се зборува на најчист македонски јазик

Уште кога Соња била на многу мала возраст нејзиното семејство се доселува во Битола, каде што го стекнува основното и средното гимназиско образование посетувајќи ги Гимназијата „Јосип Броз Тито“ и центарот за Средно насочено образование „Таки Даскало“, а подоцна и „Факултетот за учители“ (денешен „Педагошки факултет“) во Битола. Во Канада, пак, го заврши „Евергрин колеџот“, насока „Социјална служба во општеството“ (Evergreen College – Community Social Service).

Соња Лозановска постојано зборува и се гордее со својата Битола, центарот на Евреите во Македонија и најголем градски центар во Пелагониската Котлина. Битола за Соња е град на младоста на љубовта, на идната каде постигна дел од нејзините животни, новинарски, музички, поетски, телевизиски и творечки врвови.

Уште на 16 годишна возраст учествува на литературен конкурс на Културно просветната заедница во Битола каде што се здобива со висока награда за поетската творба „Македонија пред се“. Тоа ќе биде поттик за неа да продолжи во светот на пишувањето и да стане член на Друштвото на писателите „Стале Попов“ од Битола. Дарбата за течен говор со особена дикција ќе и' овозможи да биде водителка на мнугубројни културни манифестации во градот под Пелистер.

Нејзиниот први новинарски текст беше посветен на годишнината на Организацијата на Обединетитте Нации и истиот е објавен во списанието „Студент“ кое излегуваше како гласило на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола.

Уште за време на студиските години започнува со својот ангажман во првото радио надвор од македонската национална радио мрежа, Радио „Ас“, подоцна преименувано во „Битпрес“ а во рамките на Битолски Весник. Таму се нејзините посериозни почетни новинарски години, каде што го пече занаетот со доајените на битолското новинарство како: Панде Манојлов, Доне Пановски, Менде Младеновски и други а подоцна работи и како водител и новинар во радио програмите на „Два М“ и „Радио 105“ во Битола.

Круната на новинарската дејност во Битола ја достигнува во Телевизијата „Тера“, каде што започнува да ја уредува рубриката „Град“ за подоцна да стане и заштитно лице на главните телевизиски вести „Актуел“. Освен новинарско-водителскиот ангажман во Телевизијата „Тера“ ја води и нејзината едночасовна неделна емисија „Другото јас“ која прикажува познати личности од градот и државата со необично хоби.

Во 1996-та година Соња Лозановска ги прави првите чекори во публицистиката. Тогаш и' излегува од печат нејзината прва збирка поезија „Резба во душата“. Таа е издание на Клубот на писателите „Стале Попов“ од Битола, чиј издавач е Илија Мерковски, а резензенти се Михаил Ренџов и Доне Пановски.

Втората стихозбирка „Калуѓерка во Бело“ во издание на „Апекс“ од Битола излегува од печат во март 2000 година. Рецензенти се Радован П. Цветковски и Илија Мерковски. Во својата рецензија Радован П. Цветковски, меѓу другото ќе напише:: „Во песните воочуваме дека просторно и чувствено се ' се движи, галопира младешки, а уште побитно е дека просторот во песните никогаш не е празен, постои некаква присутност што и' дава на песната посебна убавина и во формата и во содржината. Песните бликаат со длабока емотивна и интимна доживеаност преполни со љубовна мотивика. Особено паѓаат в очи песните:„Одново ли поривот се буди“, „Пустина“, „Свето право“, „Благослов на благоста“, „Изгорени од концето“ и други“

Соња Лозановска во 1999-та година станува член на групата „Балкански Бисери“ со кои настапува на фестивалот „Валандово“ како и на фестивалот „Серенада на Широк Сокак“ во Битола. Во продукција на „Сенатор“ од Битола во 2000 година излегува првото ЦД со народни песни на групата која таа година се преименува во „Амајлија“.

За свои најголеми успеси таа ги смета честите гостувања на покана на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, кадешто на популарните панаѓури и прослави на празници ги исполнува убавите македонски песни, а исто така го издвојува и гостувањето помеѓу Македонците во Мелбурн, Австралија за дочекот на 2003-та година.

Есента 2004-та година добива покана за настап на прославата на 35 годишнината на македонското радио „Глас на Македонија“ од Торонто, Канада, каде што ќе отпатува заедно со својот колега и хармоникаш во групата „Амајлија“, Оливер Петковски. По настапот на оваа спектакуларна прослава каде што учествува 10 члена екипа на уметници од Македонија, во Канада ќе следуваат бројни покани на друштва и организации за натамошни ангажмани.

Треба да се одбележи дека 2005-та година е пресудна пресвртница во животот на Лозановска кога таа носи тешка одлука да го остави својот живот и кариера во Македонија и отпочне нов живот во Канада.Тука со Оливер го основаат својот брачно гнездо, кое ќе биде крунисано подоцна со доаѓањето на свет на ќеркичката Александра.

Сите години на Соња Лозановска заедно со нејзиниот сопруг Оливер Петковски и' се исполнети со музички настапи на манифестации, приватни свечености, црковни фестивали и народни собири на Македонците во Канада и САД. Бројни се и настапите на Соња и Оливер Бенд со македонски музички ѕвезди кои во изминатите години гостуваат на покана на македонската заедница во Канада.

Сите желби и активнсоста на Соња Лозановска се тесно поврзани со функционирањето на македонската заедница, таму ја пронаоѓа својата инспирација за работа, размена на позитивни мисли и енергии кои ги зближуваат и сплотуваат Македонците на канадските простори со неизмерна љубов кон татковината Македонија.

Уште со доаѓањето во Канада започнува да пишува за весникот „Македонија“. Меѓутоа, во 2013 година влегува во нова работна улога и предизвик станувајќи уредник на весникот „Македонија“.Овој значаен македонски гласник првпат од печат излезе на 2 ноември 1984 година, а потоа редовно секој 15-ти во месецот. Тој како македонски месечен информатор излегува и денес, а неговите страници се исполнети со текстови и фотографии од активностите и животот на Македонците во новата средина, како и голем број рекламни материјали од наши деловни луѓе што живеат во демократска и мултикиултурна Канада.

Во овој период од четириесетина години на печатењето во него учествуале со свои текстови бројни соработници од дијаспората и од Република Македонија. Тие сите направија весникот „Македонија” да е еден од најзначајните гласила кое е на страната на македонските доселеници, на македонскиот народ, на македонската вистана и на Република Македонија

Весникот „Македонија“ ја сплотува македонската заедница во Канада преку страниците на црквите, во кои се објавуваат нивните месечни активности, тука се и редовните рубрики кои ја отсликуваат македонската заедница, а неретко се пренесуваат и извештаи и репортажи за настани од животот на Македонците во Канада и САД.

Затоа,Соња Лозановска е овогодишен добитник на признанието „Златен клас за македонски вознес“ на 24-те Пелагониските културно научни средби во Новаци, Битолско. Ова значајно признание и' се додели во знак на почит, бидејќи таа е 30 години презентер во новинарството, а денес е главен и одговорен уредник на весникот “Македонија“ во Торонто, со што ја шири македонштината насекаде и претставува мост меѓу Република Македонија и демократска и мултикултурна Канада.

Пишува:СЛАВЕ КАТИН



# КОМИТСКА ВЕЧЕР ВО ЧЕСТ И СЛАВА НА НИКОЛА КАРЕВ




Спомагателното друштво "Никола Карев" од градот Мисисага, провинција Онтарио, Канада во петок на 18 октомври ја одржа својата традиционална комитска вечер, посветена во чест на 147 години од раѓањето на Никола Карев. Тој бил еден од македонските најистакнати револуционерни личности, со неговите идеолошки согледувања и убедувања успеал да го организира македонското население и да се вклучи во револуционерната борба, посебно во редовите на Илинденското востание. И од тие жртвувани животи произлезе Крушевската Република со претседател Никола Карев, прва Република на Балканот, која служеше како модел за како тдеба да изгледа следната современа Македонска Република во слободното живеење на македонскиот надод. Оваа мала и привремена република,беше формирана со сите вистински демократски основи и републикански принципи, каде сите граѓани ќе се третираат како рамноправни, и покрај своите различности, народност,вера и определби. И токму од тие констелации,ќе рече претседателот на друштвото "Никола Карев" и организатор на овој патриотски настан Трајче Јанакиевски од селото Велушина,Битолско, се одлучивме да го засноваме нашето друштво под тоа грандиозно име,се определивме за личност која ќе служи за мотивација и инспирација на ѓенерациите што ќе доаѓаат по нас. А ние со нашите доброчинителни победи,ќе продолжиме да работиме во интерес за македонската кауза. Со нашата дарежливост продолжуваме да ја помагаме македонската заедница, посебно во Мисисага.Приходот од оваа комитска вечер што изнесуваше 1500 долари беше подарен на црквата Св. Илија од Мисисага. Тоа од секогаш така се практикивало остварените средства да се користат за добротворни цели.Друштвото "Никола Карев" редовно организира вакви машки вечеринки,тоа се прави повеќе од две децении,една продолжена традиција за да ги возвиши патриотските чувства кај македонците во дијаспората. Претседателот господинот Трајче Јанакиевски изрази голема благодарност до сите оние кои беа присутни на оваа вечер, а посебно на донаторите затоа што со нивната помош се овозможи успешната реализација на овој настан. Секако голема благодарност и до диџејот Марјан-Стрико,тој со комитските песни и ора приреди спектакуларна атмосфера со што ни ги наполни нашите срца и души со патриотски дух.

Забележал
Горнан Јовановски

## ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ, ПРИГОДНО ГО ОДБЕЛЕЖА ДЕНОТ НА ВОСТАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПРОТИВ ФАШИСТИЧКИТЕ ПОРОБУВАЧИ

По повод 11-ти октомври, Денот на востанието на македонскиот народ против фашистичките поробувачи во 1941 година, Организацијата Обединети Македонци оддаде почит пред споменикот „Во чест и вечна слава на паднатите борци за ослободување на Македонија", којшто организацијата го подигна во 1979 година, во дворот пред македонската катедрала „Св. Климент Охридски" во
Торонто.
Свештенослужителите Стефан Груевски, Александар Тодоровски и Јован Босеовски оддржаа молитва за покој на душите за сите паднати жртви за ослободување на Македонија и македонскиот народ.
По молитвите, во име на организацијата „Обединети Македонци" и Леринското здружение, беа положени венци во чест и слава на сите борци кои ги положија своите животи на олтарот за слободата на Македонија и македонскот народ.Претседателот на ООМК, Ристо Дурловски оддржа поздравен говор по повод празникот оддавајќи почит кон сите жртви за слободата на Македонија и македонскиот народ и заветување дека секогаш треба достојно да ги одбележуваме ваквите значајни денови.





# ОДРЖАНИ 24-ТЕ ПО РЕД ПЕЛАГОНИСКИ КУЛТУРНО –НАУЧНИ СРЕДБИ ВО НОВАЦИ, БИТОЛСКО



*Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци*



На 19 октомври во општинската сала на Општина Новаци се одржаа 24 Пелагониски културно – научни средби. Пелагониски културно – научни средби, традиционално се одржуваат на територијата на Општина Новаци, која е лоцирана во срцето на најголемата хранителка-житница во Македонија – Пелагонија. Годинишниве Пелагониски средби се само достојно дополнување на аманетот кој ни е оставен од нашите учители да го чуваме нашето и да го почитуваме туѓото.Оваа година, традиционалните награди, Советот на средбите, на чело со претседателката д-р Весна Калпаковска ги доделува на еминентни личности кои со својата професионална работа имаат допринесено за развојот на уметноста, културата и науката во Битола и Македонија и надвор од нејзините граници.
Повелбата за животно дело му беше доделена на истакнатиот битолскиот новинар, хроничар и фотограф – Петар Ставрев.Наградата „Златен клас за македонски вознес" и' беше доделена на новинарката со бисерен глас - Соња Лозановска, за промоција на македонскиот јазик, култура и уметност во Канада.Оваа година, втор пат по ред беше доделена наградата „Панде Манојлов" за поезија, оваа награда Советот на средбите и' ја врачи на д-р Лили, која во континуитет го облагородува македонскиот поетски корпус со автентичен поетски израз. Исто така, наградa за животно дело му беше доделена и на битолскиот писател Ванде Ганчевски.Во склоп на Средбите, беше промовиран и 19 број на Зборникот на научни трудови на Пелагонските културно научни средби и презентирани тродовите кои ќе бидат сместени во 20 Зборник на Средбите, којшто ќе излезе од печат следната година.






***Претседателката д-р Весна Калпаковска и битолскиот новинар, хроничар и фотограф Петар Ставрев.***

Добитникот на Повелбата за животно дело која му беше доделена на истакнатиот битолскиот новинар, хроничар и фотограф – Петар Ставрев е вистинска легенда во градот под Пелистер.
Повеќедецениски неуморниот битолски планинар, фотограф и новинар кому не пречат ни годините да ја продолжува својата љубов кон планините, фотографиите како запис за едно богато време, испонето со настани и содржини какви што прилегаат за градот на конзулите.



# СПЕКТАКУЛАРЕН КОНЦЕРТ ВО ТОРОНТО

Скопското Друштво од Торонто , Канада беше главниот ,, виновник,, за организацијата на концертот чиешто одржување беше дамнешна желба и замисла на Македонците од Канада.Игор Џамбазов и Игор Атанасовски-Гуру Харе заедно со т.н. ,,Mississauga Heartbreakers Band,, составен од врвните музичари: Беџо Синановски, Алек Секуловски и Велибор Перендија направија атмосфера која долго ќе се прераскажува. Концертот отпочна спонтано, топло и едноставно, а маестрално онака како што само умее нашиот голем уметник Игор Џамбазов со интерпретација на македонската химна во блуз стил, на што публиката не остана рамнодушна. Провејуваа ритми и мелодии од познати светски музички групи, но во стиховна и вокална преработка на Џамбазов и Гуру Харе Бендот.

Во разговор за весникот,, Македонија,,овие врвни уметници по завршувањето на концертот, изјавија дека се воодушевени од приемот на македонската публика во Торонто. Гостопримството, особено грижата на Надица и Сашо Дилев, и другите средби со Македонците оставиле неверојатен впечаток врз нив и наплив на творечка инспирација.За време на неколкуте денови во Торонто,освен воодушевувањето од убавините на градот, средбите со нашинците, прославата на 30 годишниот јубилеј заедничка работа, двајцата Игори успеале да искомпонираат и две нови песни.За Игор Џамбазов концертот во Торонто беше посебно емотивен затоа што по цели 56 години, одново ја сретна госпоѓа Дара Насевска, некогашна дадилка и куќна помошничка на прославеното семејство Џамбазови.Имаше солзи радосници и топли прегратки.

Неговата сестра Тања која живее во САД, исто така го бодреше брата си на големиот и прв прекуокеански концерт од срцето на главниот град на Онтарио.



## МАКЕДОНСКИОТ КРАЛ НА БЛУЗОТ ИГОР ЏАМБАЗОВ И ГУРУ ХАРЕ БЕНД ОДРЖАА СПЕКТАКУЛАРЕН КОНЦЕРТ ВО ТОРОНТО ПРОСЛАВУВАЈЌИ ЈА 30 ГОДИШНАТА ЗАЕДНИЧКА КАРИЕРА

Преполната сала за прослави на Св. Климент Охридски беше претесна да ги собере Македонците чии што срца се исполнија со радост, восхит, по некоја солза, носталгија и љубов.

Маестро Џамбазов навести дека наскоро македонската театарска публика ќе има можност да проследи фантастичен проект кој бездруго ќе наиде на воодушевување, а при тоа откри дека се кројат планови одново и со нови содржини во догледно време да оствари гостување во повеќе северноамерикански градови. Неговата замисла е културно и духовно поврзување на Македонците од Канада и САД со татковината, со потенцијална поддршка од страна на македонските државни институции.

Концертот во Торонто не ќе беше комплетен и без поддршката на спонзорите на настанот на кои организаторот, ,, Скопското Друштво,, од Торонто им се заблагодари со пофалници, предадени лично од маестро Игор Џамбазов.

Меѓу нив ја имаше честа и нашиот весник ,, Македонија,,.

**За весникот ,,Македонија,, Соња Лозановска, 3-ти ноември, 2024-та. Торонто, Канада.**





# Разговор со проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик министер за финансии



**Македонија:** Почитуван заменик министер, од почетокот на новата Влада, едно од министерствата кое имаше многу активности беше Министерството за финансии.

**Проф. д-р Николче Јанкуловски:** По превземањето на централната власт од страна на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата ТВОЈА МАКЕДОНИЈА, една од сериозните задачи на која посветивме посебно внимание беше прекројувањето на државната каса или подготовка на ребаланс на државниот буџет. Се предвидоа средства за превземени обврски од претходната Влада, а кои не беле испланирани во буџетот. Тоа беше случај и со неисплатени плати во неколку јавни претпријатија, немање на средства за исплата на зголемување на плати, превземени со колективни договори, долгови кај многу буџетски корисници, кои не беа ни евидентирани во електронскиот систем на Министерството за финансии. Но, во релативно краток временски период ги средивме клучните проблеми кои ги затекнавме како нова Влада.



**Македонија:** На седница на Влада беше изгласана и Фискалната стратегија на Република Македонија за 2025-2029 година и Стратегијата за управување со јавен долг 2025-2027 со изгледи до 2029 година.

**Проф. д-р Николче Јанкуловски:** Да, Министерството за финансии ги подготви, а Владата ги усвои овие два значајни документи кои ја исцртуваат патеката по која ќе се движи фискалната политика на среден рок. Фискалната политика во односниот период ќе биде насочена кон подобрување на макроекономската стабилност, и поддршка н аекономската активност преку постепена фискална консолидација, подобрување на јавните финансии и одржување на високо ниво на реализација на капиталните расходи. Важни елементи ќе бидат: дисциплинираната фискална политика, намалување на неформалната економија и секако, фискална консолидација. До крајот на конкретниот период планираме да го вратиме буџетскиот дефицит на 3% од БДП, а јавниот долг на психолошката граница од 60%. Се надевам дека овие напори ќе придонесат за создавање на стабилна и просперитетна економска средина за сите граѓани на Македонија.

**Македонија:** За релативно краток период, постигнавте зголемување на приходите од даноци и царини. Како успеавте?

**Проф. д-р Николче Јанкуловски:** Сериозноста на оваа Влада, на ова Министерство за финансии, заедно со Управата за јавни приходи и Царинската управа, во делот дека нема никаков компромис со корупцијата ги даде овие резултати. Домаќинското работење на надлежните институции, кадровската екипираност и поставеност, враќањето на редовноста во плаќањето на задолжителните давачки, ги дадоа позитивните резултати во полнењето на државната каса. То значи, повеќе пари за наставните, здравствените работници, нови инфраструктурни проекти кои ќе го подобрат животот на нашите сограѓани.



**Македонија:** Владата издвои средства за финансисирање на инфраструктурни проекти во општините. Што тоа ќе значи?

**Проф. д-р Николче Јанкуловски:** Со ребалансот на буџетот превидовме 6 милјарди денари за инфраструктурни проекти во општините. Во изминатиот период имаше јавен повикод Министерството за локална самоуправа, на кој се пријавија сите 80 општини и Градот Скопје со свои проекти. По евалуацијата на истите, 257 го поминаа филтерот во соодветните министерства кои се надлежни з акарактерот на секој проект и беа поштишани договорите за нивна реализација. За оние мал број општини кои не ги исполнија условите, им се даде дополнителн рок за аплицирање. Со оваа мерка, која е и дел од Програмата за работа на Владата, предвидува издвојување по 250 мил. евра секоја година во цел мандат, од државниот буџет директна поддршка за асфалтирање на улици, промена на водоводни и канализациони системи, спортски сали, градинки, училишта и други проекти. Со тоа го јакнеме локалниот и регионалниот развој, севкупно и економскиот развој на државата.

**Македонија:** Заедно со Народната банка, работите на вклучување на земјата во СЕПА или единственоот систем за плаќање во евра. Што тоа значи за дијаспората?

**Проф. д-р Николче Јанкуловски:** Вклучувањето на земјата во СЕПА (Единственоот систем за плаќање во евра) значи дека дијаспората ќе може да испраќа и прима пари во евра побрзо и со пониски такси. Ова ќе ги олесни финансиските трансакции, ќе ја зголеми транспарентноста и ќе им овозможи полесно управување со сметките. Со стандардите на СЕПА, ќе се поттикне доверба во системот и можеби ќе се поттикнат и инвестиции во матичната земја.

**Македонија:** Вие сте од Битола, женет и татко на две деца. Редовен професор на Универзитетот “Св. Климент Охридски” од Битола. Како истовремено ги извршувате работните задачи и семејните обврски?



**Проф. д-р Николче Јанкуловски:** Организацијата е од клучно значење. Мојот ден започнува со јасен план за приоритетите, што ми помага да се фокусирам на обврските во Министерството, предавањата, и секако семејните активности.

Научив да ја интегрирам семејната динамика во мојата професија. Се обидувам да им создадам услови за учење и раст, па затоа редовно организираме семејни излети, за да се одморам од работата и да создадеме убави спомени.

Поддршката од мојата сопруга е непроценлива. Заедно ги планираме нашите активности, што ни овозможува да ги усогласиме нашите обврски и да обезбедиме квалитетно време за семејството. Секогаш отворено разговараме за нашите потреби и очекувања, што ни помага да избегнеме стрес и несогласувања. И покрај сите обврски, секогаш наоѓам време за игри и прошетки со децата. Тие ми даваат енергија и нова перспектива, што ми помага да бидам подобар заменик министер, професор и родител. Овој баланс, иако предизвик, е навистина исполнителен и значаен за мене.

**Македонија:** Колку во Министерството за финансии Ви помогнаа Вашите претходни ангажмани како Претседател на Сенатот на Укло и два мандати советник во Советот на општина Битола?



**Проф. д-р Николче Јанкуловски:** Моите претходни ангажмани како Претседател на Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" и како советник во Советот на општина Битола значително ми помогнаа во работењето во Министерството за финансии. Овие искуства ми овозможија да развијам длабоко разбирање за управувањето со јавните ресурси и процесите на донесување одлуки.

Како претседател на Сенатот, имав можност да работам на стратегии, правилници, упатства, усвојување на елаборати за студии на прв, втор и трет циклус на студии и други акти кои бараа детално планирање и анализи, што е од клучно значење за стратегиското управување во јавниот сектор. Од самите седници, научив како да координирам различни ставови и интереси, што е особено важно при управувањето со финансии на државно ниво.

Во советот на општина Битола, стекнав практично искуство во работењето со буџетите и финансиските планови на локалната самоуправа. Ова ми помогна да разберам како локалните финансии функционираат и како тие влијаат на развојот на заедницата. Тоа искуство ми овозможи да се фокусирам на важноста на транспарентноста и отчетноста во управувањето со јавните средства, што е клучно и во работењето на Министерството за финансии.

Со оваа позадина, можам да кажам дека претходните ангажмани ми беа од голема помош во развојот на стратегиите и политиките во Министерството, овозможувајќи ми да донесам подобри одлуки и да создадам ефективни решенија за финансиските предизвици со кои се соочува земјата.

# MEMORIAL GALLERIES INC

## ABOUT US

Memorial Galleries Inc. specializes in monuments and memorials, including grave markers and cremation urns with over 20 years of experience. Memorial Galleries has large inventory of beautiful natural granite monuments from traditional to modern monuments designs in many different colors.



**Memorial Galleries Inc. Monument Factory Outlet**

- Custom Design
- Markers
- Etching
- Repainting
- Final Date
Cemetery lettering





Huge inventory for customer selection

## OUR ADDRESS

53 Bertrand Ave. Unit 1
Scarborough ON M1L 4P3

Mail: mark@memorialgalleries.ca
Tel. +1 416-759-0293
Fax. +1 416-759-522

## BUSINESS HOURS

Monday-Saturday 10AM - 6PM
Sunday by appointment.



MEMORIAL GALLERIES MARKHAM LOCATION NOW OPEN!
WE'VE HELPED FAMILIES CELEBRATE AND COMMEMORATE THEIR LOVED ONES FOR OVER 25 YEARS AND OUR NEW MARKHAM OFFICE IS NOW OPEN! BUY ORTHODOX CROSS AND UPRIGHT MONUMENTS CAN SAVE UP TO 75% THAN CEMETERIES.
VISIT US AT 9390 WOODBINE AVE UNIT 2B11, MARKHAM, ON L6C 0M5. 905-717-5310
You can also visit our monument factory and showroom in Scarborough at 53 *Bertrand Ave, ON M1L4P3.*



# CRIMINAL DEFENCE LAWYER
# ALEXANDER KARAPANCEV

*Have you been wrongly accused or charged with a criminal offence ?*
*Any charge can impact your record and life!*



**Impaired Driving**
**Domestic Violence**
**Sexual Offences**
**Drug Crimes**
**Theft and Fraud**

Don't Wait, CALL NOW!
**(416) 613-9984**
**www.karapancevlaw.ca**



Dr. Andy Plukov
*Family Dentistry*

*Healthy teeth and gums are a vital part of your overall well being. They are also a part of your appearance and confident smile. We provide dental services in a comfortable, caring and professional environment.*






416-265-0197

716 Gordon Baker Road, Suite #107, Toronto, ON, M2H 3B4



# Превоз на стоки за и од Америка и Канада со брод и авион



Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Европа.

**ПРЕВОЗ НА СЕ' - ОД ПИСМО ДО КОНТЕЈНЕР**

**Пакети со подароци, пренесување на покуќнина, комерцијална стока, машини, автомобили, бродови, мотори, хуманитарни пратки и друго.**
**Пратките можеме да ги подигнеме од вашата адреса и да ги спакуваме за транспорт.**

**За компании и поединци ги обезедуваме:** потребната логистика при истражувањето на пазарот за увоз и извоз на стоки и услуги, работиме консалтинг, вршиме маркетиншки промоции и сл..На ваше барање извршуваме комплетна царинска процедура и испорака на пратки на посакуваната адреса.

**MTT -GROUP 309 Armstrong Ave. Georgetown, On L7G 4X6**
email: canadatransport1@yahoo.ca Call Centre: 416-251-4544 Cell: 416-939-0513; 226-606-2892; 647-909-0970

# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (15)

## МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ОД ТОРОНТО СЕ РОДИ ОД СОЗРЕАНИТЕ ЧУВСТВА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ ЗА НАЦИОНАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ

**Македонски Национален Комитет Торонто**

Тешките услови во кои живеел македонскиот народ под османлиското ропство бил толку неподнослив, така што секој човек ќе морал да ја бара својата егзистенција на друго место од светот и да се снаоѓа секој по свое како знаел. Затоа нашите Македонци како приближни места каде ќе можат да ја испробаат својата среќа ги избирале соседните земји Бугарија, Србија, Романија и други кнежевски земји каде ќе можат да заработат по нешто за да и помогнат на своите семејства.

Не сите оделе само за на печалба, туку дел од младата генерација го правела тоа за да го дозавршат своето образование, затоа што такви можности во Македонија нивните родители не можеле да им обезбедат.

Тие истите Македонци денес Бугарија ги нарекува бугари, тие ни малку не намислувале дека ќе постои сила што ќе може да им го смени нивното мислење да се изјаснуваат нешто друго од Македонци, оти и тоа се, од прадедовци закажани македонци и такви сакат да останат за на век. Можеби некои од оваа млада интелегенција , доколку е точно, под притисок и од разни други причини се идентификувале како Бугари , но тоа ни малку не може да ги направи Бугари. Нашите печалбари или студенти кои биле родени на Македонската територија тие не можат да бидат ништо друго туку само Македонци, тоа е потврден факт, нивните корени се македонски. Човекот каде што се родил само таа може да му биде вистинската татковина. Тој може да живее во повеќе земји, може да има и други државјанства но вистинската татковина му е само онаа каде што тој се родил.

Да ги земеме за пример и денешните спортисти од светски ранг, тие имаат разни државјанства за да учествуваат во спортот што го избрале за да ја преставуваат државата но нивната татковина ќе остане за секогаш во онаа кај што се родиле и израснале.

Истиот случај бил и со нашите револуционери, поети, преродбеници кои работеле и живееле во Бугарија, Србија, Русија и други држави, можеби некои од нив по кој знае од какви причини се изјасниле друго освен македонци. Ако Гоце Делчев навистина се изјаснил како Бугарин, тоа ни малку не го прави таков, затоа што бил роден во македонска територија која била под окупација на турската империја, можеби по сфатливо би било Турците да го присвојуваат отколку Бугарите. Гоце се облекувал во турска облека, зборувал турски , имал турски пријатели, тоа не ќе го зачудил никој ако се изјаснил како Турчин, таква била неговата мисија.

Гоце Делчев кој Бугарите сакат да го присвојат како нивни, целиот негов живот го посветил на македонското дело, цврсто се залагал за создавање на македонска република и тоа на етничка основа и верска еднаквост, во една замислена Балканска Федерација, замисла, за каква и денешните светски политичари се залагаат. Гоце ќе остане вистинскиот водител на македонските револуционерни традиции, но и доследен и вечен на своите надежи, оти силно веруваше дека еден ден Македонија ќе може да постане Република на Македонскиот народ. Македонија ги дочека и оствари Гоцевите големи идеали.

Иселувањето на македонците во прекуокеанските земји започнало некаде во 19 век можеби нешто и порано. Македонците кои пристигнале во Америка и Канада, во кои спаѓаат иселеници и од други земји по некои тврдења не биле добронамерни прифатени од населението што го затекнале во овие земји. Оние затекнати во рецесијата тешко се справувале, биле изложени на тешки услови, уценувања, закани, по нив дури се фрлало со камења. Работа немаше, тешко можеше да се најде и ако се најдеше мораше да се работи со многу ниска заработувачка и многу саати прекувремено работење без никаков надоместок. Тоа предизвикуваше на зачестени судрувања на емигрантите со домашното население.

И покрај таквите влошени услови нашите иселеници живееле по пет или шест души во една соба за да можат да преживеат. Но сепак тие одвојувале моменти за здружување меѓусебно. Едно меѓу првите македонски спомагателни здруженија во Торонто и околината било селото Баница од Беломорска Македонија. Тоа било формирано на 26 Јуни 1911 година. Според Бил Зискос кој важи за долгогодишен активист на друштвото, било од голема важност да се формира "Добротворно Друштво Баница", оти во тоа време неможеше да се најде работа, немаше здравствено осигурување, никаква социјална помош, се требаше да се плаќа од свој џеб, а кога немаш работа џепот е празен, а дневните намирници не ти се на дофат. Затоа, вели Зискос, друштвото Баница формира свој фонд за да им помогни на новодојдените за да истраат додека трае оваа криза, им се помагаше на оние кои беа во најлоша финансиска положба. Се мисли дека денес живеат повеќе од 5 иљади Баничани во Торонто и околината.

Во тоа време во Торонто се формираа и други спомагателни друштва , финансиските состојби го налагаа тоа со цел за да им се помогне на новодојдените македонци. Меѓу другите поодамнешно формирани друштва се забележуваат: Селото "Дамбени", потоа спомагателното друштво "Буф", друштвото "Неволани", друштвото "Трсје", "Брајчино", "Љубојно", културно-уметничко друштво "Македонка","Битолско друштво","Преспанско друштво" и други.

Македонските иселеници во раните години од своето иселување во прекуокеанските земји, добро се здружувале за заеднички интерес и потреби, но тоа го правеле само на културен план, а политичкото здружување било отсутно, за тоа секако ќе треба да се почека малку додека не се надминат основните потреби за животна егзистенција.

Кога патриотските чувства кај македонските иселеници веќе наполно созреале, почнало да се појавуваат и патриотски здружувања во кој момент се појавува и движењето МНК (Македонски Национален Комитет). Целта на ова движење со една основана идеја секако била, македонската кауза може да дојде до својот израз само преку вакви народни движења.

На еден говор во 1903 година Крсте Мисирков ги изнесол своите ставови за македонските национални принципи, од една страна добронамерно прифатени а од друга остро отфрлени, но доволно поучни за Македонскиот Национален Комитет од Торонто за да ги гради своите определби. Мисирков меѓу другото рекол: "Потребно е првин национално обединување и изградување на Македонската национална свест на народот поделен од пропагандите, оневозможување на турското мешање во Македонија, развивање на самостојна македонска култура, јазик и црква во рамките на Турција и под контрола на големите сили, па дури тогаш полно политичко ослободување од Турција и создавање независна македонска држава што може да се вклучи и во разни видови федерации или конфедерации на Балканот".

Македонските патриотски активисти во Торонто, поврзани во движењето на МНК (Македонскиот Национален Комитет) ги имале токму истите замисли како на Мисирков околу националното обединување на македонците на глобално ниво. И по сите обиди и настојувања тоа тешко се остварувало во средините каде што живеат Македонците. Со големите напори сепак таквите обиди се случувале. За доброто на Македонија и на Македонскиот народ и на сите оние кои ги положиле своите животи пред олтарот за слободата на Македонија. Ние кој сме дел од тоа македонско проклетие што многу земји сакаат повторно да го осквернават родот наш македонски од кој сме дел и ние, должиме да дадеме барем малку решителен отпор според нашите можности за зачувување на Македонскиот идентитет.

Македонскиот Национален Комитет долго време работеше на национално обединување на сите македонци во светот но негативните влијанија од надвор ја попречуваја таа идеја да биде остварлива. Зборот "националност" не се совпаѓаше добро со државните политички параметри. Па затоа МНК беше изложен на остри критики од сите државници кои доаѓаа од Р.Македонија, испратени преку Матицата за иселениците од Македонија. На сите средби со гостите што доаѓаа ни беше посочено "Зошто сте ја ставиле лепенката " национален", тоа асоцирало на национализам, идеологија која не ги почитува интересите на другите граѓански вредности, збор што не е прифатлив во никоја земја на светот. Тие постојано ги поттикнуваат македонците да ја оставаат политиката и да се здружуваат на културна основа. Но за МНК и членовите, македонското национално битие ќе биде цврста потпора врз која МНК ќе се раководи во борбата за македонската кауза и македонска национална самобитност.

Со таквите изјави на тогашните македонски државници кои беа закржлавени во матицата на македонските иселеници се отежнуваше правилното работење на патриотските друштва надвор од Македонија кои сакаа да го дадат својот придонес на татковината на која им припаѓаат, за која нивните татковци и дедовци гинеле. Па затоа македонските иселеници каде што се наоѓаат ќе мора да се снаоѓаат сами и да го продолжат сонот на претходниците на Македонската преродба, оти тие ни оставиле и аманет кој ние идните генерации ќе треба да го чуваме , оти тој ние како прирачник за македонската патоводна идеја за која ние имаме иљада желби .

Македонскиот Национален Комитет од Торонто и покрај сите препреки и разни бариери ќе остане доследен следбеник на херојствата и принципите на оние наши предводници во издигнатата средина.

Ова патриотско движење своето делување ќе го пренасочи кон неможниот обид за семакедонско обединување на македонците ширум светот.

По благороден поттик и патриотска победа, МНК на 11 ноември 1990 година во хотелот Хаорд Џонсон во Скарборо го одржа своето основачко собрани за формирање на светски Конгрес, што ќе може да послужи како обединителна алка. На собранието присуствуваа голем број Македонци од разни друштва, клубови и организации, од нив некои беа лојални подржувачи а други само сеирџии и извозници.

Во своето воедно излагање Горнан Јовановски ги изнесе главната цел и одредиште како треба да изгледа еден обединувачки подвиг. Во моменти се чинеше дека оваа историска стратегија ќе донесе позитивни резултати, подвиг што ќе може да ги зближи сите идеи, насоки и се друго што го поврзува Македонецот да биде на едно место. По долга дискусија се прифати идејата името на ова движечко здружение да биде "Македонски Светски Национален Конгрес Канада". И како секогаш нашето "Македонско проклетство" си ја покажа темната страна. По извесно време пристигнаа критики од сите страни дури и од најпатриотската организација во Торонто, како и од движењето ДООМ, лично од Драган Богдановски, дека само тие можат да бидат вистинските обединители на македонците. Богдановски беше ангажиран во формирањето на ВМРО ДПМНЕ, а истовремено се започна со формирање на два светски конгреси, еден на Џон Битов во Торонто а друг на Тодор Петров во Македонија. Тогаш, 1900 ттите години беше пресвртница за македонската ренесанса во модерно време.

Продолжува

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ



АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



- МАКЕДОНСКИ ШОУМЕН
- КОЛОНА / ЛИЧНА СТРАЖА (МН.)
- П
- К
- СКАПОЦЕНО СТАКЛО / ПЕЈАЧОТ БОН ЏОВИ
- Р
- ИСЦЕЛИТЕЛ НА РАНИ / МУЗИЧКА НОТА
- ЈАПОНСКИ ФУДБАЛЕР ХИДЕТОШИ / БЕЛГИЈА
- Н
- СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОН
- Т
- АКЦЕНТ, НАГЛАСОК / ЖИВОТОСПОСОБЕН
- ПРИЈАТНА ЗАБАВА СО КРСТОЗБОРОТ
- ПРЕМАЧКАНО СО ВАР
- ПРВА ЖЕНА ЧЛЕНКА НА МАНУ
- И
- ПРЕДЛОГ: ВНАТРЕ / ОБИЧЕН, ИЗЛИТЕН
- АЕРОПЛАНИ / ДЕЛ ОД РАЗБОЈ (МН.)
- ЧОВЕКОЈАДЕЦ / РЕКА ВО РУСИЈА
- К
- ИЗРАБОТУВАЧ НА МАКЕТИ / ЕГЕЈСКИ ОСТРОВ
- ПРАЗНИК НА ОСМИ НОЕМВРИ
- С
- НАУКА ЗА ОПШТЕСТВЕНИ РЕСУРСИ, ШТЕДЕЊЕ
- СТАР, ОПАДНАТ / ОДРЕДУВАТИ НА ПОЛОЖБА
- ЕКС ПРЕТСЕД. НА ФК "ВАРДАР" (БЛАЖО) / НЕОН
- ИСКЛУЧИТЕЛНО ЦЕНЕТ ЧОВЕК
- ФРАНЦУСКИ НАЗИВ ЗА НАТО / КАЛИУМ
- АТЛЕТИЧАРОТ ВИРЕН / МЕТАР
- ИТАЛИЈАНСКИ ПИСАТЕЛ УМБЕРТО
- ПИСАТЕЛОТ ШАНТИЌ / ПЕЈАЧКАТА ФРЕНКЛИН
- СОБИРАЧ НА ИМЕЛА
- УКРАС НА НАРОДНА НОСИЈА
- НАПОДВИЖНОСТ



- ТЕМПЕРАТУРА / АРТИЛЕРИСКО ОРУДИЕ
- НЕВЕНА НАГАЛЕНО / ЈАВНО НЕЗАДОВОЛСТВО
- Д
- Т
- ПУСТИНСКА ПТИЦА / ЕКС ГЕРМ. КАНЦЕЛАР ВИЛИ
- ПЛАНИНА ВО ДАЛМАЦИЈА / ДОТЕЧУВАЊЕ
- АВТОЗНАК ЗА СРБИЈА
- ВЕШТ, ПРГАВ
- АВСТРИЈА / АНТИЧКОТО ИМЕ ЗА ЉУБЉАНА
- ПОСЕД (МН.)
- МАКЕДОНЕЦ МУСЛИМАН
- СКИ СКОКАЧОТ ТЕПЕШ
- МАКЕДОНИЈА - КАНАДА
- ГРАД ВО ПЕРУ / СКЛОПУВАЧИ
- "ИСТОК - ЈУГО - ИСТОК"
- ЕНЕРГИЈА / НЕРЕАЛЕН ЧОВЕК
- ИЗВИК ПРИ СКОК
- НОЌЕН ЛОКАЛ / ЛУДОЛФОВ БРОЈ (3,14)
- Б
- ЉУТ КОРЕН / ЧАРЛС АДАМС
- Р
- УРЕД ШТО РЕГИСТРИРА ОСЕТ / НОБЕЛИУМ
- ТОМЕ АРСОВСКИ
- НЕВООБИЧАЕНОСТ / ЗАВРШНА БОРБА
- НИКО НЕСТОР / ПОТПОРНА ГРЕДА
- РАДИУС / ФРАНЦУСКА АРТИСТКА ИВЕТ
- ЗБУНЕТОСТ / КАНАДСКО ДРУШТВО (СЛАВИ СВ. АРХАНГЕЛ)
- ЛИЧНА ЗАМЕНКА / "ТРАФОСТАНИЦА"
- М



- ВИД МАСНА ГЛИНА
- ЧИСТОТА НА ЗЛАТНА ПАРА / НАЈМАЛКУ ВРЕДЕН
- СЕВЕР / СЕЛО ВО ЕГЕЈ. МАКЕДОНИЈА И МУЗ. ГРУПА
- ЖЕНСКО ИМЕ
- У
- КАДИФЕ / ФУДБАЛЕРОТ БЛОХИН
- БРАВО, АФЕРИМ
- П
- ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА / АМПЕР
- ПРОСТРАНА ПРОСТОРИЈА (МН.)
- АЛКОХОЛЕН ПИЈАЛАК / БРОЈ БЕЗ ВРЕДНОСТ
- КИЛОВОЛТ / ГОЛЕМА ВРЕКА
- Л
- ИВАН НАГАЛЕНО
- ВИД ПАПАГАЛ / ТУРСКИ ГОЛЕМЕЦ
- ПОРТУГАЛ. СЛИКАР АДРИЈАНО / ЛАВОСЛАВ РУЖИЧКА
- ТЕМПО / БЕЛГИСКИ ВЕЛОСИПЕДИСТ ЕДИ
- ИВАН ТОЧКО
- УЛАВОСТ / ФИЛМ НА КОСТАС ГАВРАС
- Л
- РУСКИ ПИСАТЕЛ АНТОН ПАВЛОВИЧ
- УНИВЕРЗИТЕТ
- ДОМАШНО ЖИВОТНО / ВАСИЛ АТАНАСОВ
- КОНАК, МЕАНА
- БРАШНО ШТО ГО ЗЕМА ВОДЕНИЧАРОТ / БУБАЧКА
- ЧОВЕК КОЈ ИЗУЧУВА НЕШТО / КУМАНОВО
- ДРЖАВА ВО АФРИКА / ЗАПАД
- И
- ДЕЛЧЕВО / ГЕРМАНСКИ ГРАМАТИЧКИ ЧЛЕН
- ХЕМИСКО СОЕДИНЕН. / "АЗИСКА ВЕГЕТАРИЈАН. УНИЈА"
- ВИД ТРОПСКА БОЛЕСТ
- ГЛАВЕН ГРАД НА КАТАР / МИЛАНО
- ЕЛЕКТРОН / АРТИСТОТ ХАРИС



- ВИНО ОД 'РЖ КАЈ СТАРИТЕ ЕГИПЌАНИ
- МНОГУБРОЕН / УРАНИУМ
- ИМАГИНАРЕН БРОЈ
- МАКЕДОНСКА УРЕДНИЧКА НА СТРАНА ЗА ГОТВЕЊЕ
- ЧИТАЈТЕ ГО ВАШИОТ ВЕСНИК

РЕШЕНИЕ: ИГОР ЏАМБАЗОВ, ВО, АВИОНИ, КАНИБАЛ, КРОСНА, МАКЕТАРИ, ДРТ, РИСТОМАНОВ, ВЕЛИКАН, ОТАН, ЛАСЕ, ЕКО, АЛЕКСА, ИМЕЛАР, ТОКА, Т, НЕНА, ДИНАРА, ТОЛ, НОЈ, ДОТЕК, СРБ, А, ИМОТИ, ТОРБЕШ, МИРАН, ТАРМА, ИЛИ, Е, СЕНЗОР, ТА, ИЗОЛАЦИЕНОСТ, НН, Р, ФАЛИРАНОСТ, ТАЛ, МИМИЕ, ТИТР, С, ЈАНА, УМА, САМТ, АЛАЛ, ПИВО, МОЕ, САЛИ, НУЛА, КВ, ЛОПЕС, ИВЕ, АРА, ЛР, Т, МАГАРЕ, УЕМ, ИЗУЧУВАЧ, ГАНА, ИНСЕКТ, ДЕ, АЛИЗАРИН, СПРУ, ДОХА, Е, КАК, МАСОВЕН, И, СУ ИСТВУД.

**На 1-ви ноември 1943** година единици на баталјонот „Мирче Ацев“ по двочасовни борби со германските единици и со балисти по вторпат го ослободуваат Кичево.

**На 2 ри ноември 1936 го**дина формирана е Канадската радиодифузна корпорација, национална радио и телевизија на Канада која постои и денес (CBC).

**На 3 ноември 1951** – Со посебна уредба на Владата на НР Македонија е формиран Отсекот за правни науки при Правно-економскиот факултет во Скопје. На 1 јули 1956 година, Отсекот за правни науки се одвоил како посебна високообразовна институција.

**На 3-ти ноември 1944 г**одина на предлог на Поверенството за просвета, Президиумот на АСНОМ донел решение за отворање на гимназии во градовите: Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Охрид.

**На 4 ноември 1944 година** – Единиците на Народноослободителната војска на Македонија по борбите што ги водеа на приодите кон Битола го ослободија градот.

**На 4-ти ноември 1893 г**одина (23 октомври по стариот календар) Во Солун, со учество на истакнатите македонски револуционери Даме Груев, Петар Поп Арсов, д-р Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Антон Димитров и Христо Батанџиев, формирана е Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО). Најголемо дело на Организацијата беше Илинденското востание во 1903 година. На Рилскиот конгрес организацијата го доби називот Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО). Покрај споменатите македонски револуционери, носители на организацијата беа Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Димо Хаџи Димов, Јане Сандански, Никола Карев и многу други револуционери.

**На 7 ноември 1829 година в**о Прилеп роден е Марко Костов Цепенков (Прилеп, 7 ноември 1829 — Софија, 29 декември 1920) — истакнат собирач на македонски народни умотворби, кои имаат непроценливо значење за македонската фолклористика, за етнографијата, за лингвистиката, за националната историја и за правото и за моралот на Македонците Тој е автор на неколку публикации напишани на македонски јазик. Македонскиот институт за фолклор го носи неговото име.

**На 8 ноември 1878 година** во селото Папрадиште Велешко – роден е Димитрија Чуповски а починал на 29 октомври 1940 во Санкт Петербург, тогаш нарекуван Ленинград). Бил истакн ат македонски национален деец, општественик, револуционер, политичар, дипломат, публицист, научник, издавач, историчар, картограф и филолог и еден од најистакнатите и најдоследни организатори и афирматори на македонската национална мисла.
Чуповски е силен заштитник и бранител на македонската национална самобитност и посебност, а по поделбата на Македонија во 1913 година, силно се залагал за нејзино обединување и конституирање како национална држава на македонскиот народ. Познат и како Димитрија Павле Чуповски или Димитрија Димов Чуповски.

**На 9 -ти ноември 1944 година** – Ослободен е Велес.

**На 13 ноември 1944 година** ослободен е Скопје, денешен главен град на Република Македонија. Битката за Скопје, била извршена со голем успех бидејќи биле спасени сите мостови во градот и успеале да ги обезбедат и зградите кои биле веќе минирани. Германските единици успеале да ги срушат железничките мостови во Скопје и Ханриево (денешна населба Ѓорче Петров), едно крило од зградата на Железничката станица, а нешто подоцна од непронајдена мина била оштетена и зградата на Народната банка



Бројот на загинатите борци во борбите за Скопје изнесувал 426 борци. Од кои 8 се жени а 418 се мажи. Бројот на цивилните жртви не е претставен во оваа бројка

**На 19-ти ноемви 1991** година Пратениците на Собранието на Република Македонија едногласно донеле Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.

**На 29 ноември 1926 година** во Тетово е пуштена во редовна работа ХЕЦ „Пена“ — прв хидроенергетски објект во Македонија (дотогаш сите биле на јаглен). Изградена е во периодот од 1924 до септември 1926 година. Инвеститор било Тетовското индустриско акционерско друштво основано на иницијатива на Г-дин Михајлович, руски емигрант кој живееел во Тетово.

**На 30 ноември 1894 година** македонскиот револуционер Гоце Делчев, лично од Даме Груев, примен е за член на ВМРО.

## ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ И ГОДИШНИНИ
## КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ – КОДИФИКАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

***18 ноември 1874 – 26 јули 1926 г.***

**ПОЕЗИЈА СО ПОВОД**
**Пишува и уредува**
**БЛАГА АФОВСКА**
**наставничка**
**по македонски јазик - International Languages Program**
**Middlefield Coleuget Institution**
**MARKHAM, ON**



Изминаа 148 години од раѓањето на Крсте Петков Мисирков, кој настан ќе биде одбележан во културно образовните институции и училишта низ Македонија и пошироко. Основоположникот на македонскиот литературен јазик како и неговото раѓање ќе го прославиме и овде во Канада на страниците од весникот Македонија со уредникот Соња Лозановска. Покрај тоа што Мисирков е значајна и позната личност во македонската книжевна историја меѓу долгата плеада на македонски славистИ, научници и професори, уочливо е тоа што тој создал континуитет на борба на Македонците за национална слобода и еманципација. Како голем и значаен доказ за неговата севкупна активност претставува неговото дело „ЗА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТИ“ каде е прикажана самостојноста на македонската нација и јазик. Ние му благодариме за неговото дело на полето на македонизмот и патриотизмот. Токму затоа ќе го прославиме неговиот лик и дело на овој значаен основоположник на македонскиот литературен јазик. Неговиот макотрпен живот и дело ќе бидат крунисани со песни од нашите познати поети кои преку пишаниот поетски збор го слават и му благодарат на бранителот и втемелувачот на македонската нација и јазик кој со јаки зборови и мисли „ ја креваше куќата на јазикот“ видливо во песната „Незатворениот круг на Мисирков“од поетрот Радован П. Цветковски каде симболично со метафори и родољубиви чувства е прикажан макотрпниот живот на Крсте Мисирков:

**„Збор по збор**
**како камен префрлен со**
**камења креваше куќата**
**на јазикот.**
**И зборовите како кај**
**стари мајстори чекани,**
**сликари и ѕидари**
**ти ја преполнуваа душата**
**со глас на стара песна**
**на зборот народен“**

Во едно далечно време исполнето со секојдневни тешки општествени околности, на 18 ноември, 1874 г. во село Постол, Ениџе-вардарско се роди КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ, кој ќе постане позната личност во македонската историја.




Тој ги следел околностите во кои живеел народот со тешки сеќавањаза неговите прадедовци кои го чувале македонскиот збор и песна:
„Од дедо прадедо
старите од милост
ги кажуваа зборовите
ги редеа, ги сложуваа
да се слуша нивната песна.“
Нивната песна ќе се слуша благодарение на Мисирков кој уште од мал бил оддаден на книгите и сакал да чита. Основно училиште завршил во родното село на грчки јазик. Бидејќи останал без родители се соочувал со тешкотии. Школувањето го продолжил во гимназијата во Софија а потоа и во Белград. Бидејќи имал желба да биде учител, во Белград завршил Учителска школа во 1895 г. Во Петроград завршил Историско-филолошки факултет. Со желба да му служи на македонскиот народ, во 1902 г. работел како професор во Битолската гимназија. Истовремено соработувал со рускиот конзул А. Ростковски, му бил учител на децата. За време на Илинденското востание конзулот бил убиен. Прогонуван од страна на власта Мисирков ја напуштил Битолаи заминал пак за Петроград каде бил примен во високите места и пишувал статии кои се објавувале во странство.Одржувал предавања пред македонското студентско друштво. Тогаш почнува да се оформува првата книга на собремен македонски литературен јазик и правопис:
„ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ“ а поетот Радован ни го доближува тоа немирно време:

**„Се делкаа зборовитекако камења под**
**длето историја цела**
**на јазикот наш дека**
**сме народ и нација**
**пастот дфа ни се**
**знае и зборот наш,**
**наш да биде**
**без мрежи телени по**
**Беласица.“**

Во 1903 г. книгата била отпечатена. Во неа пишувал дека Македонија претставува одделна етнографска целина: „во нера нема Срби, Бугари и Грци, а само Македонци, а Македонците како посебен словенски народ си имаат сопствена национална историја и култура“:
„Твоето срце го рамнеше
со срцето на зборот,
со Татковината,
удираше како камбана
и го будеше зборот
меѓу јавето и сонот,
незатворен круг со Татковината
пат послан со трње
од Постол до гробот“
На овој дарежлив „преселник“на преден план му беше јазичното прашање со јазична мисла запишана во книгата: „Ако Македонецот од Северна Македонија подаит рака на својот брат од Јужна Македонија и Македонецот од источна Македонија подаит рака на тој од западна, рецете ќе се прекрстат околу Прилеп-Битола.
Мисирков извршил реформа врз македонската азбука со фонетски промени: да се пишува онака како што се зборува. Со ова му даде посебна јазична форма со која се разликува од соседните јазици:

**Ти што секој збор на**
**кантар го стави**
**да ја измериш**
**тежината на нацијата, ти што зборот**
**Македонец го стави**
**над се, и ти што рече**
**„Татковината е таму**
**каде што сум**
**се родили каде што**
**треба да си**
**ги оставам коските“**

Се што е наведено погоре и одговорот даден во песната, докажува дека Крсте Мисирков роден е во Македонија; никогаш не бил Бугарин, туку Македонец и таму сака да си ги остави коските:

**„Коските ти останаа**
**најдалеку од Татковината**
**недосонет сон, незатворен круг,неисполнет**
**аманет и по смртта твоја**
**стои ко отворен гроб“.**

Крсте Мисирков е најважна личност во македонската културно-национална и книжевна историја на почетокот од 20-от век бидејќи со реформирањето на македонската азбука; да се пишува онака како што зборуваме и поставувањето на темелите на македонскиот литературен јазик и кодификација ја докажал посебноста на македонската самобитност и нација. Ова е доказ дека Мисирков е вистински Македонец и никогаш не бил Бугарин.Тој умира на 26 јули 1926 г. во Софија. Иако поминаа 148 години од раѓањето на Мисирков неговото творештво е од непроценлива вредност и создава континуитет кон изучување и промовирање на македонскиот јазик насекаде. Неговиот бурен живот и дело вечно ќе се слават.

# МАКЕДОНСКИОТ Е МАЈКА НА ЕВРОПСКИТЕ ЈАЗИЦИ



Споредбената лингвистика или позната како компаративна филологија се занимава со споредувањето на јазиците за да се дознае нивната поврзаност. Јазиците можат да бидат поврзани меѓу себе преку позајмување на зборови и преку генетска поврзаност, која означува дека поголем број на јазици потекнуваат од еден стар заеднички јазик. Компаративната лингвистика ги формира јазичните фамилии и групи, а потоа го реконструира заедничкиот јазик за да добие јасна слика на промените што настанале при развојот на другите јазици. Одисеј Белчевски во својата анализа насловена „Прото-словенските корени на европските јазици беа анализирани и потврдени со нова методологија - Принципи на Концептуална лингвистика и нивната природа еволуција“ заклучува дека славјанските јазици се најблиску до “мајката на европските јазици“. Според него, повеќето зборови кои Оксфордскиот етимолошки речник го дефинира како "непознати", "нејасни", или можеби прароманскi, прагермански или пракелтски, можат да се објаснат со славјанските јазици.

Истражувајќи го потеклото на поголема група основни зборови кои секојдневно се употребуваат, Белчевски констатира дека нивните корени се во славјанскиот јазик и дека се создадени како концепт од природата, а потоа во многу раната историја на Европа позајмени од Грчкиот и Латинскиот јазик. Овие зборови подоцна станаа дел од секојдневниот речник на англискиот и другите европски јазици – вели Белчевски. Притоа тој укажува дека „тоа е од голема важност за оние кои ги проучуваат словенските јазици, зошто денес овие зборови се бројат со илјадници, и тешко е да се објаснат или да ја пронајдат нивната етимологија во грчкиот или латинскиот, но имаат едноставна и лесно разбирлива етимологија во Славјанскиот јазик. Најчесто лингвистите избираат нив да ги означат дека се од непознато или неоткриено потекло. Во борбата да се обезбеди објаснување некои од Електронските етимолошки речници пак даваат толкување кое е тешко да се разбере или да го прифати.

Славјанските јазици кои ги знаеме и ги разбиреме денес, претставуваат најдобро сочуван пример каде јазичниот концепт е запишан во говорот каков што постои во природата, вели Белчевски, притоа нудејќи ја концептуалната лингвистика како уште еден или подобар метод за проучување на овие концепти. Според него, границите на проучување на потеклото на Индо-европските јазици мора да се прошири со вклучување на Концептуална лингвистика и Славјанските јазици, со цел да се надминат тешките искуства на компаративна лингвистика.Врз основа на досегашното искуство, базирано врз истражување и откритија, Белчевски посочува дека, во референцирање во основниот или праисториски јазик, повеќето научници кои користат со компаративна метода наидуваат на неизбежни ограничувања. Тие воглавно се должат, бидејќи не се користат ресурсите како што се словенските јазици, туку во голема мерка се потпираат на грчки и латински јазик. Според него, од друга страна, Концептуалната лингвистика, односно изучување на јазик преку концептите на и во природата ги поврзува различните корени, односи и меѓусебна зависност и може да даде одговори каде другите не даваат резултати.

Компаративната лингвистика досега не успеа да објасни некои грчки и латински зборови, бидејќи тие се многу постари од грчкиот и латинските јазици и му припаѓаат на нивото на прото-славјанскиот јазик, потенцира Белчевски.

Според Оксфордскиот речник етимологијата е дефинирана како "потеклото и развојот на зборот во форма и смисла. На сметка на ова, говорејќи за потеклото на зборовите, речникот укажува на значењето на етимологијата во однос на грчкиот збор ethumo εθυμο". Според Белчевски: „Ако, сепак, ние спроведеме подлабоко пребарување за вистинската смисла на ethumo, ќе откриеме дека тоа не е од грчко потекло, туку странско во Атичката проза, употребено од Плато во цитатот во Cratylus, каде што тој ги "напаѓа" делата на Јонските филозофи (укажува на Фригија). Фригијците биле антички народ познат кај Грците како "варвари", по потекло од Античка Македонија. Тие ја основале нивната империја во Мала Азија (1200-800





п.н.е.). Нивниот јазик не е јасно дешифриран, но голем број на зборови припаѓаат на славјанскиот супстрат, вклучувајќи го и нивното 'име' што може да се поврзе со славјанскиот збор брег> bregi, географски назив за раб (т.е. работ на море или езерото)“.

Истражувајќи подетално за потеклото на зборот етимологија, Белчевски пишува: „Во Современиот грчки, ethumo εθυμο не постои, што всушност силно укажува на тоа дека зборот е позајмен од страна Грците од претходен Европски јазик. Бидејќи зборот и неговите деривати и релации не можат да се идентификуваат ниту во Латинската или Германската група на јазици, јас иницирав да се проверат можностите од Славјанска конекција, особено во рамките на постарите македонски дијалекти, која откри дека зборот ethumo е поврзана со македонскиот збор дума (Дума)> думо (dumo)> умо (ОМО), кој се изедначува со зборот, мисла и ум. Нурнат во Хомеровото царство, открив дека јужнославјански Дума е многу блиску во значењето на античките збор dumo> thumo θυμο, г> та> θ. Според Г. Куртиус, античките Македонци често се менува звукот θ во д или т. Зборот θυμο, како што истакна Е. Maltby, значи умот или душа. Ние најдовме исти во другите Хомерови зборови и изрази, како што thumalgi> dumalk значење вознемиреност на умот и dumo е moi што значи мислата е моја. Понатамошна анализа на јужнославјански зборови umo (на умот) dumo> дума (збор, мисла, да се мисли), открива дека тие се цврсто засновани во истиот корен на зборот > umo (на умот).

Ова е само еден од бројните примери кој Одисеј Белчевски ги посочува во своето истаражување засновано како што вели врз „принципите на Концептуалната лингвистика кои се темелат на Аристотеловите погледи за создавање на светот од четирите основни елементи. Таму се многу силни јазичните докази, идентификувани во славјанската група на јазици, што укажува дека формирањето на почетните слоеви на јазикот се случило според природните закони“. Од овие примери, може да се види дека Македонците битисуваат на овие простори многу порано пред да се појават Грците.

Македонска нација










*I'm all about bringing the vibe to your special day, whether it's a birthday, a graduation, community or opening event. Just let me know your music preferences, and i'll blend them seamlessly into non stop mixes that'll keep everyone dancing! With rhythm in my blood and music in my soul, I feel every beat deep within, a gift passed down from my musician parents. As DJAne, I translate that connection into an unforgettable experience, ensuring each song resonates with the crowd. Feel free to contact me anytime at: 647-461-4505 email: alexandrapet2005@gmail.com*




**Македонија**

To send articles, advertisements, or to subscribe to Macedonia newspaper please contact us at:
**macedonia.canada@yahoo.com**
Call or text: **416-827-0954**

**CANADIANA FLOWERS**

**www.canadianflowers.com**
**Design Studio, 3087 Kingston Road**
**Toronto, ON M1M 1P1**
**info@canadianaflowers.com**

**Toll Free: 888-265-767**
**Local: 416-265-6867**




# Dr. Elizabeth Dimovski

**Family Dental Office**

**Home of the FREE Custom Mouth Guard**

**For all our sports-playing patients! Call for details today!**

**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**

**905-458-6620**

# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

## Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

## Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

## Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

## Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

## Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

## MACEDONIAN OPEN

The Macedonian Open is one of Canada's longest running golf tournaments and today is Canadian Macedonian Place Foundation's largest annual fund raising event.

Over the years the Macedonian
Open has raised over $1,200,000 in net proceeds for the benefit of Canadian Macedonian Place and other charitable causes supported by the current registered charity, Canadian Macedonian Place Foundation.







**850
O' Connor Drive
Toronto On
M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;
Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;
Располагаме и со паркинг места за станарите;
Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:
Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com
sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**

All-Risks Insurance
BROKERS LIMITED
Auto | Home | Life | Commercial
Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9
Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com







## МАКЕДОНЦИ СЕ СОПСТВЕНИЦИ НА НАЈДОБРИОТ РЕСТОРАН ЗА ПОЈАДОК И РУЧЕК ВО НИЈАГАРА ФОЛС

Ако ве нанесе патот во Нијагара, кај популарните Нијагарини Водопади, нема потопло и попријатно место за појадок или вкусен ручек од семејниот ресторан Scoops во сопственост на Охриѓаните Наум и Весна Мургоски. Ќе ве пречекаат и испратат со срдечно македонско добредојде и со здравје. Екипата на весникот ,,Македонија,, го посети ресторанот каде што и лично се увери во гостопримството и квалитетот на услугите.



## MACEDONIAN BEST BREAKFAST PLACE IN NIAGARA FALLS

If you're in Niagara Falls and are looking for somewhere to eat, look no further than Scoops Restaurant! They serve the tastiest breakfast items, and are perfect for brunch!

| | |
|---|---|
| Monday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Tuesday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Wednesday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Thursday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Friday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Saturday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Sunday | 8:00 AM - 2:00 PM |












**Такси Томче Битола**

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.

Такси превоз низ цела Македонија
и надвор од неа.
25 годишно искуство како професионален
такси возач.
**Тел: 070 743 330**




**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**

https://www.youtube.com/user/OroMakedonskoChicago

**Oro Makedonsko**
https://www.facebook.com/oro.makedonsko

*Boshko Rajchovski - Pelisterski*
*810-335-5552*

## Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто
## Macedonian Orthodox Calendar 2024 (by father Sasho Celeski)

| 2024 | | | НОЕМВРИ — 30 дена |
|---|---|---|---|
| Д | нов | стар | СТУДЕН |
| П | 1 | 19 | † **Преп. Прохор Пчињски**; |
| С | 2 | 20 | Св. вмч. Артемиј; преп. Герасим Кефалониски- ***Задушница*** |
| | | | Недела 19. по Педесетница, Гл. 2; Ев. В. 8; на Литургија Апостол 2 Кор (11, 31-12,9); Ев. Лк 26 (6, 31-36) |
| Н | 3 | 21 | † **Преп. Иларион Мегленски**; преп. Иларион Велики |
| П | 4 | 22 | Св. Аверкиј Ераполски; преп. Лот Египетски |
| В | 5 | 23 | Св. ап. Јаков брат Господов; |
| С | 6 | 24 | Св. мч. Арета; св. Елезвој Етиоп.; св. Синкл. |
| Ч | 7 | 25 | Св. мч-ци Маркијан и Мартириј; св. Тавита |
| П | 8 | 26 | Св. вмч. Димитриј Солунски – Митровден |
| С | 9 | 27 | † **Св. мч. Нестор**; св. Прокла Клаудија |
| | | | Недела 20. по Педесетница, Гл. 3; Ев. В. 9; на Литургија Апостол Гал (1, 11-19); Ев. Лк 30 (7, 11-16) |
| Н | 10 | 28 | Св. мч-чка Параскева Иконийска; св. Димитриј Ростовски |
| П | 11 | 29 | Преп. мч-чка Анастасија Римјанка |
| В | 12 | 30 | Св. ап. Клеопа и др.; св. мч-ци Зиновиј и Зиновија |
| С | 13 | 31 | Св. ап. Стахиј, Амплиј, Урван, Наркис, Апелиј и Аристовул |
| Ч | 14 | 1 | † **Св. беср. Козма и Дамјан**; преп. Јаков Костур. |
| П | 15 | 2 | Св. мч-ци Акиндин, Пигасиј, Автониј и др. |
| С | 16 | 3 | † **Обнов. на храмот на св. вмч. Георгиј во Лида – Ѓурѓиц** |
| | | | Недела 21. по Педесетница, Гл. 4; Ев. В. 10; на Литургија Апостол Гал (2, 16-20); Ев. Лк 35 (8, 5-15) |
| Н | 17 | 4 | Преп. Јоаникиј Велики; св. свешт-мч-ци Никандар и Ермеј |
| П | 18 | 5 | Св. мч-ци Галактион и Епистима |
| В | 19 | 6 | Св. Павле Цариградски; преп. Варлаам Чудотворец |
| С | 20 | 7 | Св. 33 Мелитински мч-ци; св. мч-чка Тесалоникија |
| Ч | 21 | 8 | Собор на св. архангел Михаил; **св. Ангел Лерински** |
| П | 22 | 9 | † **Преп. Матрона**; св. Нектариј Егински; преп. Јован |
| С | 23 | 10 | Св. ап-ли Олимп, Ераст, Кварт, Родион, Сосипатар и Терциј |
| | | | Недела 22. по Педесетница, Гл. 5; Ев. В. 11; на Литургија Апостол Гал (6, 11-18); Ев. Лк 83 (16, 19-31) |
| Н | 24 | 11 | † **Св.мч-ци Мина, Виктор и Викентиј**;преп. Теодор Студит |
| П | 25 | 12 | Св. Јован Милостив; преп. Нил Синајски; св. пр. Ахиј |
| В | 26 | 13 | † **Св. Јован Златоуст**; преп. мч. Дамаскин |
| С | 27 | 14 | Св.ап.Филип; св.Григориј Пал.; св. Јустинијан*(Бож. покл.)* |
| Ч | 28 | 15 | Св. мч-ци Гуриј и др.; преп. Паисиј Велич. *(Божикен пост)* |
| П | 29 | 16 | † **Св. ап. и ев. Матеј**; преп. Сергиј Малопинешки |
| С | 30 | 17 | Св. Григориј Неокесариски; преп. Никон Радонешки |

| 2024 | | | NOVEMBER — 30 Days |
|---|---|---|---|
| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
| F | 1 | 19 | † **Ven. Prochor of Pchinja; St John of Rila;** |
| S | 2 | 20 | St. Artemius, great martyr – ***Memorial Saturday*** |
| | | | 19th Sunday after Pentecost, Tone 2; Res. Gospel 8; on Divine Liturgy: 2 Cor. (11, 31-12,9); Lk. 26 (6, 31-36) |
| S | 3 | 21 | † Ven. Hilarion of Meglen; Hilarion the G. |
| M | 4 | 22 | St. Abercius, equal to the Apostles |
| T | 5 | 23 | St. James, Brother of the Lord |
| W | 6 | 24 | St. Arethas and his companions |
| T | 7 | 25 | Sts. Marcian and Martyrius, martyrs |
| F | 8 | 26 | St. Demetrius of Solun, the Great Martyr |
| S | 9 | 27 | † **St. Nestor, martyr** |
| | | | 20th Sunday after Pentecost, Tone 3; Res. Gospel 9; on Divine Liturgy: Gal. (1, 11-19); Lk. 30 (7, 11-16) |
| S | 10 | 28 | St. Paraskeva, martyr; St. Tarentius |
| M | 11 | 29 | Venerable Anastassia of Rome |
| T | 12 | 30 | Sts. Zenobious and Zenobia, martyrs |
| W | 13 | 31 | St. Stachyus, Ampius and others Apostles |
| T | 14 | 1 | † **Sts. Cosmas and Damian unmer. Physicians** |
| F | 15 | 2 | St. Acindynus and others, martyrs |
| S | 16 | 3 | † **Renovation of St. George's Church** |
| | | | 21th Sunday after Pentecost, Tone 4; Res. Gospel 10; on Divine Liturgy: Gal. (2, 16-20); Lk. 35 (8, 5-15) |
| S | 17 | 4 | Venerable Joannicus the Great |
| M | 18 | 5 | St. Galaction and Epistime |
| T | 19 | 6 | St. Paul the Confessor |
| W | 20 | 7 | St. Hieron and 33 Soldiers from Melitene, martyrs |
| T | 21 | 8 | Synaxis of St. Archangel Michael, **St. Angel of Lerin** |
| F | 22 | 9 | † **St. Matrona;** st. Nectarius of Egina |
| S | 23 | 10 | St. Erastus and others, apostles |
| | | | 22th Sunday after Pentecost, Tone 5; Res. Gospel 11; on Divine Liturgy: Gal. (6, 11-18); Lk. 83 (16, 19-31) |
| S | 24 | 11 | † **St. Minas The Great martyr; St. Theodor the Studite** |
| M | 25 | 12 | St. John the Merciful; St. Neil the Merciful |
| T | 26 | 13 | † St. John Chrysostom |
| W | 27 | 14 | St. Phillip the Ap., St.Gregory Palam. (Christmas fast eve) |
| T | 28 | 15 | Sts. Gurios, Samonas, Abibas, martyrs (Christmas Fast) |
| F | 29 | 16 | † St. Mathew, Apostle and Evangelist |
| S | 30 | 17 | St. Gregory the Wonderworker |





*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros & Ralph Day Chapels

# Афоризми

- Го запали мостот и сега босоног ја преминува реката.
- Повисоката цена значи подобар квалитет.
- Премногу пазарува човек кога е гладен.
- Вистински мртви се оние кои се заборавени.
- Занаетот треба да го работиш како да си мртов гладен и да го работиш како господин.
- Љубомората е без соменние чувство кое е извор на најстрашни неправди и најпрости настани.
- Не жалам што остарев-жалам што бргу се родив.
- Некогаш облеката ништо не зборува а се ‘ кажува.
- Кој е најдобар начин да с еоствари сонот?- Будењето.
- Каде  што живееш-таму е татковината.
- Нема поголема несреќа во љубовта од смртта на фантазијата.
- Љубовта се раша од верба, живее од надеж, а умира од милостина.
- Колку вреди нештото ќе дознаеш само тогаш- кога ќе го изгубиш.



# Македонски Досетки

Ако во кутија од кибрит има само едно чкорче, а ти влегуваш во темна просторија, што прво ќе запалиш: свеќа или плинска печка?

Колку краја имаат два и пол стапа?

Кој врв беше највисок на светот, пред да биде откриен врвот Монт Еверест?

Колку родендени има човек на 30 години?

Еднаш во минутата оди, двапати во моментот, а никако во илјада години?

Некои месеци содржат 30 дена, некои 31, а колку месеци содржат 28 дена?

Што е разликата меѓу џунглата и чевлите на пијаницата?

Кои две нешта не можеш да ги имаш за доручек?

Четворица пријатели оделе на дождот, на тројцата им искиснале косите, а на четвртиот не?

Во десниот агол на кравја штала се наоѓаат кравите. Каде ќе бидат биковите?

Биле двајца добри касапи, едниот висок, другиот низок. Високиот му е татко на нискиот, а нискиот не му е син на високиот?

Го зема од умот твој, го става во бело дрво од каде никогаш не може да излезе, а сите го употребуваат?

Колку јаболка можеш да ставиш во празна торба?

Што е разликата помеѓу 100 и 1000?

Кој дел од Лондон е во Франција?

Разговараат два човека: Твојата мајка е свекрва на мојата.  Што биле тие?

Мојата татковина е Арабија, во Европа ме викаат калешо, и сите ме сакаат и ме бањаат во жешка вода?

Колку се двајца татковци и двајца синови?

Зошто мајката малечкото девојче го облекува во розе, а машкото во сино?

Зошто ластовиците и некои други птици во зима летаат на југ?

Дали е дозволено човек да се ожени со сестра на своја вдовица?

До каде зајакот бега во шумата?

Ти си мој син, јас не сум ти татко. Што сум ти јас?

Три девојки под еден чадор и ниту една не искиснала?

Кога волот е најтежок?

Зошто на мажите косата им побелува порано, а мустаќите подоцна?

Каде волот има најмногу месо?

Ако лекар ти даде 3 таблети да ги пиеш на разлика од половина час, колку време ти треба да ги испиеш?

Колку залаци човек може да изеде на гладно срце? Ако отидеш на спиење во 8 часот, а го навиеш часовникот во 9 часот наутро, колку часови ќе спиеш?

Кога зајакот ќе наврши една година, што прави?

Кога патката почнува да плива?

Зошто Крале Марко јаваше на бел коњ?

Дали може ноќен чувар да земе пензија ако умре дење?

Некој селанец имал 29 овци. Сите му умреле освен 6. Колку овци му останале?

*Одговори: (чкорчето ), (шест ),(Монт Еверест ), (само еден ),(буквата М ), (сите ),(во џунглата има повеќе мајмуни ),(ручек и вечера ),(четвртиот бил ќелав ),(во шталата за бикови ),(татко и ќерка ), (молив ),(само едно ),(само една нула ),(буквата Н ),(татко и син ), (кафе ),(тројца ),(затоа што не можат сами ),(затоа што е далеку за пешки ),(не оти е умрен ), (до среде шумата ),  (мајка )(не врнело дожд ),(**кога ќе те нагази** )(затоа што косата е постара ),(под кожата ),(еден час ),(само еден ),(оди во две години ),(кога ќе влезе во вода ),(оти не беше црн ),(не може оти е умрен ),(шест )*

# НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно! Да почнеме:

Денес ќе ви дадам идеја како да  направите нова декорација на панталони тренерки и виолетова блуза:

**1.Стари црни тренерки;**
**2. Виолетова блуза ;**
**3. Варакина-блич;**
**4.Пластично шише со прскалка;**
**5.Заштитни ракавици и широк најлон.**

Ставете ги ракавиците и претурете од бличот во шишето со прскалка. Постелете го најлонот на подот и ставете ги тренерките-панталоните. Испрскајте ги внимателно од едната страна па , потоа и од другата страна.Блузата со виолетова боја замотајте ја во клопче почнувајќи да ја вртите во круг како „полжав“. Зацврстете ја накрсно со ластици. Намокрете ја со обична вода и полијте ја со бличот и испрскајте ја насекаде.Нека одстојат 10 минути и исперете ги со ладна вода панталоните и блузата. Ставете ги потоа на ладно машинско перење сотечен прашок и омекнувач.Резултатот е фантастичен!




Драги читатели сега е вашиот ред да пробате и да уживате во некоја нова идеја и декорација за ваша разонода и задоволство.

**Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.**






Најголемиот македонски автомобилски парк во Канада.
Јавете во COMSTOCK кај Панде и Марко Јадилебовски

# Pearl White

**Dental Hygiene Clinic**

Your Dental Hygienist:
Atina Gorgiev RDH

Accepting all insurances, including CDCP

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3



The staff and members at Carpenters' and Allied Workers Local 27 remember all those who served and who are on active duty today, including our own Local 27 brothers and sisters. Today we think of all our fellow Canadians at sea and at bases and deployments around the world who protect us, who stand on guard, and make the ultimate sacrifice for our freedom.

Lest We Forget.



222 Rowntree Dairy Road | Woodbridge, ON L4L 9T2 | T: 905-652-4140 | www.ubc27.ca

CARPENTERS & ALLIED WORKERS LOCAL 27

HELMETS TO HARDHATS
DU RÉGIMENT AUX BÂTIMENTS

www.helmetstohardhats.ca

@carpenters27

# OLD MILL PASTRY & DELI




**WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI**

## Freshly Baked Bread and Pastries

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke,
ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

